# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Второто продолжение на Седмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 28 јануари 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Борозан, Елеонора Петрова-Митевска, Стојан Андов, Љупчо Мешков, Илија Китановски, Ганка Самоилова-Цветановска и Никола Груевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница.

Дами и господа пратеници,

Бидејќи поради службен престој во странство господинот Буџаку не беше во можност да присуствува на седниацата на Собранието, на која заедно со госпоѓа Поповска беа избрани за потпретседатели на Собранието, денес, предлагам пред да продолжиме со работа, госпоѓата Поповска и господинот Буџаку да дадат свечена изјава.

Ги молам потпретседателите на Собранието да пристапат на местото каде што ќе дадат свечена изјава.

Ве молам сите да станеме.

Ги молам потпретседателите на Собранието да го  повторуваат и да го читаат текстот на свечената изјава по мене.

“Изјавувам дека фукнцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Ги молам потпретседателите да ги потпишат свечените изјави.

(Потпретседателите на Собранието ги потпишуваат свечените изјави).

На потпретседателите на Собранието во Ваше и во мое име им го честитам изборот и им посакувам успешна работа во вршењето на нивната одговорна функција.

Продолжуваме со претрес по - Предлогот за именување јавен обвинител на Република Македонија.

Според претходно утврдениот редослед, збор има господинот Илија Китановски, кој извести дека денес е отсутен.

Има збор господинот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почиувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред пред Собранието е точката за именување на јавен обвинител на Република Македонија, кој е единствен што ги гони сторителите на кривични и други со закон утврдени дела.

На една од претходните седници гласав за разрешување на претходниот јавен обвинител, од причини што во изминатите четири години ја следев неговата работа во спроведувањето на Законот за јавно обвинителство, особено во примената на членовите 8 и 19, од истиот закон, во кој е дефинирана соработката и надлежностите на јавниот обвинител за преземање на дејства по примени пријави и други поднесоци  и изјави од граѓани, органи и правни лица.

На претходната седница пратеникот Кондарко во своето излагање изнесе што треба јавниот обвинител да работи, а јас ќе изнесам што јавниот обвинител не треба да работи, а тоа е причина што гласав за разрешување на претходнот обвинител. Истовремено ќе и одговорам на госпоѓата Самоилова-Цветановска, со неколку конкретни примери поради кои е разрешен претходниот јавен обвинител,а за тоа се изјасни и колегата Бошковски.

Се согласувам со дискусијата на колегата Караџоски дека виновен е оној што е осуден, но пред да се осуди треба да се обвини. Проблемот е што нема обвинение, а пријава има. Токму со непреземањето на дејствија  со закон овластен, Законот за јавно обвинителство, претходниот јавен обвинител е директен учесник во криминалот што влезе на голема врата во Република Македонија.

Правниот комитет на СДСМ од Делчево во изминатиот четиригодишен период поднесе голем број на кривични пријави против началници, раководители на

подрачни единици, директори па и министри од претходната влада кои седат во ова Собрание, со конкретни податоци и докази кои беа доставени до Републичкиот обвинител и  Вишиот обвинител. Најголем број од кривичните пријави се поднесени во периодот од јануарти 2001 - ноември 2001 година. Иако изминаа две години, до ден денес јавниот обвинител не одговори дали ги прифаќа или ги отфрла пријавите, согласно член 144 став 1 од Законот за кривична постапка кој гласи: “Доколку е отфрлена кривична пријава Јавното обвинителство е должно во рок од 8 дена да го извести подносителот, односно оштетениот”.

Еве уште еден пример на неспроведување на Законот за јавно обвинителство.

При направениот изборен фалсификат на локалните избори во Делчево каде беа фалсификувани потписите на кандидатите за советници на листата на Коалицијата за промени, што резултираше со поднесување на Кривична пријава од страна на кандидатите што им беа фалсификувани потписите, при што фалсификатот со вештачење го утврди МВР, Управата за крим техника. Но поради фактот што ВМРО-ДПМНЕ ќе остане без советници во општината Делчево кривичната пријава не се изврши со обвинение.

Понатаму, третиот пример, поради неизвршување на службена должност, поднесена е кривична пријава и против јавниот обвинител господинот Ставре Џиков, со која беше запознат и поранешниот министер за правда, но до ден денес одговор на кривичните  пријави, нема.

За да се стопира секоја активност во расчистувањето со криминалот, господинот Ставре Џиков, го разреши и заменик јавниот обвинител во Делчево.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Апостоловски, ве молам да се концентрирате на точката на дневен ред која е избор на јавен обвинител, а не е разрешување на претходниот јавен обвинител. Ги молам и сите наредни дискутанти, ќе ги опоменувам доколку повторно скршнуваме од темата што ни е на расправа.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Од тие причини, а не поради несовесно  и стручно работење, туку поради тоа што овие кривични пријави, заменик јавниот обвинител поднесе барање за спроведување на истрага, беше разрешен.

Почитувани пратеници, граѓаните на Република Македонија со право очекуваат денес да избереме јавен обвинител на Република Македонија кој пред се

професионално ќе се вклучи во расчистувањето на криминалот кој заземе невидени размери овие 4 години. Ќе ги спроведува своите надлежност без субјективни и политички влијанија, а не како досега функцијата јавен обвинител да се извршува формално и тоа на штета на граѓаните на РМ. Од изнесените причини ќе гласам за предлогот на Владата за предложениот кандидат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор повторно се јави Трендафилов Ѓорѓи.

(Не е тука).

За збор се јави Мавровски Спиро.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас лично не би се јавувал за оваа дискусија, ако оваа точка од дневниот ред се расправаше во четвртокот кога сабајлето ни беа поделени материјалите за господинот Прчески кого лично не го познавам, иако сум од Битола, не сум имал многу работа со битолските судови, се надевам дека и понатаму ќе биде така. Не е од мојата бранша да оценувам колку е способен и стручен да ја извршува таа функција, макар што од неговите колеги во битолскиот суд, се слушна дека другиот претставник од битолскиот суд кој работи во Јавното обвинителство е доста постручен во таа област, од него. Но, сепак би сакал да ги пренесам зборовите што во меѓувреме дојдоа до мене од многу гласачи, посебно штедачи на ТАТ.Тоа што сакам да го кажам е нивното мислење за инволвираноста на господинот Александар Прчески во аферата ТАТ затоа што учествуваше во замаглувањето и во она што значи префрлање на оваа афера во судските лавиринти, од кое не дојдовме до она што е основното расветлување и никогаш не дојде до вистинска разрешница и помогна да не се откријат оние вистински планери и организатори на аферата ТАТ. Самото изземање на битолскиот суд во оваа афера, со тоа што е кажано дека голем број од судиите и нивни роднини биле инволвирани во оваа афера со директно учество доволно зборува за тоа што целиот процес е префрлен во Охрид. Но, се случи нешто друго. Парадоксот да биде поголем, кога почна стечајната постапка, судот во Битола, со истите судии и со господинот Прчески како претседател на Основниот суд во Битола повторно се прогласува за надлежен и го прогласува господинот Јанковски за стечаен управник со чија помош се извршени бројни неправилности при исплатата на средствата од активата на ТАТ. Тоа е направено пред се на свои роднини, блиски пријатели кои се исплатени 100%.

И покрај бројните укажувања на сите митинзи што ги организираа штедачите и штедачките организации во Битола за промена на стечајниот управник, тогашниот претседател на судот, господинот Прчески остана глув на сите потенцирани неправилности, а за жал голем број штедачи завршија на бесилките, извршија самоубиства, завршија во битолските болници, а многу и ден денес болуваат за оние пари што ги загубиле во Штедилницата ТАТ а ги заработиле крваво работејќи во австралиските бушови, работеле по рудниците и железарите во Америка и по светот.

Добро е тоа што неколку говорници од позицијата искажаа дека господинот Прчески го кажал она судбоносно не на премиерот Георгиевски и со тоа, еве ја заслужил и ја обработил оваа функција, јавен обвинител. Но, верувајте ми, никој ни во Битола, ни во Македонија немаше да има замерка доколку господинот Прчески ги реализираше зборовите на претходниот и сегашниот премиер во чие време се случи и оваа афера, а тоа беа  - ниту СДСМ ниту свети СДСМ нема да ме спречи да го најдам октоподот  а беше посветено токму на аферата ТАТ.

До ден денешен благодарејќи на двајцата, оваа афера не доби завршница, но господинот Прчески ја исполни задачата.

Ако господинот Бранко Црвенковски од виши сили или од партиски притисоци беше спречен да го најде октоподот во сопствените редови, јавно ќе го запрашаме господинот Прчески, како претставник на законот и правдата, од кој беше спречен да ја расветли најголемата афера во Македонија, аферата ТАТ. Сега читаме дека најдобриот бизнисмен, тогаш прогласен од претседателот на државата господинот Киро Глигоров, Соња Николовска и еден од најголемите финансиери во тогашно време на СДСМ во моментот е распишана потерница и се бара да биде притворена и затворена за кражбата на 150 милиони марки од ТАТ. што значи единствен човек кој го спори тоа дела е госпоѓата Соња Николовска, што е смешно и срамно. Требаше да се најдат оние прави организатори и планери на сето ова.

Да не заборавиме дека и тогаш како и сега беа затворани луѓе кои понатаму во судската постапка  се покажа дека се сосема невини и останаа без никакви казни, без разрешница во која беа прогласени за невини. Значи остана само госпоѓата Соња Николовска.

Најмалку што сакам да зборувам за некого тоа е неговата приватност, бидејќи тоа е лична работа, но сепак ние тука сме јавни личности и морам да кажам дека има доста замерки на неговата, така да кажам некомукативност, на она што значеше неколку инциденти во Битола, со различни луѓе, така што сите овие инциденти

мислам дека се неспоиви со функцијата јавен обвинител. Би сакал понатаму господинот Прчески, малку повеќе да ги контролира своите чувства и емоции.

Се зборува за неговата аполитичност.

Дали некој има книшка или нема книшка, најмалку е важно за неговото политичко дејствување или работа и неговите политички ставови. Неговите соселани од Буково многу добро знаат господинот Прчески од која провинциенција е, како агитирал и за кого агитирал. Истото и во Пелагониските села. Последното, и ова потврдено од СДСМ е неговото поставување за член на регионалната изборна единица во Изборната единица број 5 каде што бевте и вие господине претседателе. Така да сите овие врзани работи се и премногу случајни за неговиот сегашен ангажман да биде аполитичен.

Некој од оваа говорница тука ни ветуваше тука судијата ако биде необјективен сигурно ќе биде променет. Пред некој ден исто така слушнавте дека СДСМ е серкиозна партија и знаела зошто го поставува денешниот потпретседател на Собранието. Но додека не се искаже ништо што ако тие обвинувања кои беа изнесени тука се обистинат, во што јас лично не се сомневам дали ќе следи промена на тој господин, дали ќе има извинување од СДСМ кон сопственото членство. Сум гледал и слушал од оваа говорница такви говори од постари членови на СДСМ, многу повисоки котирани во нивната хиерархија, кога ни беше ветувано, ако се случат некои работи дека во Македонија ќе потече мед и млеко, дека ќе биде се како што било. Но, за жал тие работи се случија, како што се случи промената на името, промената на знамето, неколку пати промена на Уставот, коалицијата со ДУИ исто така не требаше да се случи, од октоподот не се пронајдени ниту пипците, да не зборуваме за главата и сето тоа ја донесе Македонија во една ситуација што во моментот ми личи многу побезнадежна отколку далечната 1990 година кога почнувавме да ја формираме оваа држава, за наша голема жал.

Дали со овој избор СДСМ сака да го заокружи триумфиратот на своето владеење, со законодавна, извршна и судска власт и со тоа повторно да се воведе социјализам на овие простори, тоа ќе го видиме. Некој друг од позицијата збореше дека господинот Прчески ќе има еден куп документи пред него, со кои ќе треба да следатг обвиненија. Но јас ќе кажам во афетата ТАТ имаше многу пластични црни вреќи кои беа болни со документи и кој обвинува и требаше да обвинат, но за жал, тие документи од тие пластични вреќи ги нема никаде или се изгорени на некоја депонија. Сето тоа мислам дека треба да го добиеме како објаснување.

На крајот, гласач од Битола ме замоли да пренесам една стара приказна или изрека која вели дека секогаш кога некој сака да расчисти, би требало да почне со своите деца да ги кара и да ги казни. Ако почне со децата на неговиот брат, верувајте ми дека ја промашил работата.

Затоа, за господинот Прчески остануваат многу работи кои треба да ги среди, многу работи кои му се оставени во наследство и како балас, но знаејќи што има тој направено со случајот ТАТ. дај Боже да грешам, но јас мислам дека мојот глас и посебно на штедачите во ТАТ во Битола, не ќе можам да го дадам својот глас за овој кандидат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Еве веќе втор ден дискутираме во однос на избор на јавен обвинител на Република Македонија и со самото тоа се потврдува фактот дека навистина оваа точка од дневниот ред предизвикува внимание и навистина треба да се даде апостроф со одредени дискусии, за да се избере токму онаа личност што треба во иднина да ја извршува оваа сложена работа.

Ние од ВМРО-ДПМНЕ сме потполно свесни дека од она што е овде предложено апсолутно не очекуваме нешто да се промени, но сепак тоа не значи дека треба да се премолчат одредени работи и да се седи пасивно. Сепак, една дискусија, која во најмала рака ја сметаме за конструктивна, да даде прилог во идното работење на Јавното обвинителство.

Инаку, овде се слушнаа многу дискусии како од републичкиот јавен обвинител сега се очекува многу и дека тој е таа линост која долго време Република Македонија ја нема и дека после неговиот избор Јавното обвинителство ќе тргне во вистинскиот правец, кој сите го очекуваме. Мора да се каже и да се констатира една работа дека јавниот обвинител на Република Македонија е само една алка во синџирот и дека Јавното обвинителство го сочинува една институција во која работат и други обвинители, како што се Вишото обвинителство, основните јавни обвинителства и тн. Што може сега еден човек сам да направи, тоа е предмет за анализа, но во секој случај, има место за негово влијание, со самиот факт што јавниот обвинител на Република Македонија ги насочува работите по оној принцип

на хиерархоја кој владее во обвинителството. Токму заради тоа се отвораат вакви дискусии и токму заради тоа не е небитно која личност се предлага.

Значи, денес имаме конкретна личност, тоа е господинот Прчески Александар, кој доаѓа од битола, и ако е нешто за пофалба, тоа е што доаѓа од внатрешноста на Република Македонија, што значи прекинавме со еден синџир на територијален принцип или да се избираат само луѓе од Скопје.

Но јас би сакал да се задржам на неколку работи кои навистина отвораат место за дискусија или за размислување, а тоа е некако разрешувањето и предлагањето на јавни обвинители во Република Македонија дојде често или дојде исклучиво во време кога се менува власта во Република Македонија, поточно со секои парламентарни избори, доколку дојде до промена на власта. Тогаш како прво нешто што се случува интервентно во Република Македонија е промената на јавниот обвинител. За жал, и оваа Влада, од која можеби многу се очекуваше токму во тој правец, следејќи ги изјавите на нивниот лидер, но и скоро на сите кандидати за пратеници дека во најголема мера ќе се води сметка за стручноста на кадрите, дека тоа нема да биде никаков политички реваншизам, туку дека стручноста ќе ги одредува и кадрите за одредени фунции. За жал, тоа не се случува и како прва и приоритетна точка од сите оние за кои расправаше Собранието е разрешувањето на јавниот обвинител и сега именување на нов јавен обвинител. Тоа беше еден од најголемите приоритети. Па се изнајде единствената причина поради која некој треба да биде сменет и разрешен, а тоа е нестручност во вршењето на работата, како што кажа претседателот, па се најдоа одредени аргументи за смена на јавниот обвинител и сега се предлага точка за избор на јавниот обвинител со квалификации какви што ни ги достави Владата во неколку реченици. Тоа доволно зборува дека тоа е стручен човек, како што е напишано во пет реда. Значи, самата смена и самото назначување јавен обвинител како приоритет, ништо друго не ми дава за право тука да помислам дека целиот овој процес на промена и назначување на јавен обвинител е политички мотивиран. Значи, не станува збор многу за стручност и компетентност или нестручност на некого, туку очигледна е намерата и политичката димензија во целата оваа игра или во целиот овој добро режиран филм. Тука, за жал, новата власт не покажува никакви промени во однос - да не речам и претходната, ајде да не речам и во однос на најавите кои ги имаше. Е тука за жал, не би можел да се согласам со господинот Жерновски, кој не го гледам тука дека и Либералнодемократската партија и тој лично смета дека конечно со изборот на гопсодинот Прчески ќе се создаде можност обвинителството да се оттргне од

канџите на извршната власт. Во тоа не сум убеден, напротив, убеден сум апсолутно дека токму со поставувањето на господинот Прчески тој синџир или тие канџи на извршната власт ќе бидат сеуште доминантни.

Зошто тоа го кажувам или зошто токму господинот Александар Прчески е предложен, а денес ќе биде избран? Токму во контекст на ова што го зборувам. Еве, овде се отворија дискусии, се кажа кој е господинот Прчески. Не би сакал да дискутирам во однос на неговата стручност, стручноста е пишана во биографијата, меѓутоа, евидентно е и очигледно нешто, затоа што сите кандидати кои конкурирале на конкурсот за избор на јавен обвинител сите се, бидете сигурни, стручни. И кој од нив да дојдеше денес на дневен ред, за сите ќе кажевме дека се стручни и дека ги исполнуваат условите кои треба да ги исполнат, затоа што доколку не ги исполнат, нема да влезат во изборот. Меѓутоа, кај господинот Прчески разликата во однос на другите кои конкурирале е очигледна со фактот што тој доаѓа од судството. Значи, покрај 200 вработени во Јавното обвинителство, каде што имавме виши обвинители, обвинители од основните обвинителства, имаме толку заменици, имаме луѓе со долгогодишно работно искуство, односно меѓу лцата кои конкурирале на конкурсот за избор имаме и најмалку двајца кандидати кои се со 35 годишно работно искуство во Обвинителството. Сега зборуваме за стручност, дали со нивната елиминација од изборот, односно предлогот на Владата зборува дека тие луѓе што 35 години работеле во обвинителства, а сега се кандидати за избор на јавен обвинител сега се нестручни? Апсолутно не држи место. Дали господинот Александар Прчески, со оглед дека работел во суд е постручен од нив, да не речам  од Драган Тошевски, Васил Велковски и тн., кои имаат 35 годишен стаж во Јавното обвинителство. Ако сакаме да воспоставиме ред, јас кажав и на почетокот, Обвинителството е институција, во неа треба ред и искусна личност која со својот авторитет ќе наметне еден ред и поредок во Обвинителството, токму во правец на она за кое се бориме, борбата против корупцијата и тн. Ако со секој избор носиме  одредени личности, без оглед дали ќе бидат отсуството или од некоја работна организација, дали со тоа ќе помогнеме Обвинителството со тоа да се справи на брз начин затоа што времето не гази, бидејќи сите гледаме што се случува во Република Македонија секојдневно или ќе треба да чекаме да се прилагодат, дасе научат, приучат и доучат, а за  тоа време криминалот во Република Македонија да расте. Додека се научиме, можеби ќе се смени власта, па повторно ќе има смена на јавен обвинител, и  избран нов. Тоа е во делот на стручноста.

Исто така, забележлива е една друга работа. Јавното обвинителство или јавниот обвинител на Република Македонија како основна задача или основна цел има борба против криминалот, корупцијата или како сакате наречетеја, а негова задача е токму откривање или гонењето на таквите сторители, што значи во најголем дел обвинителот треба да има искуство во таа материја. Ако ја погледнете внимателно биографијата на Александар Прчески, ќе видите дека неговото работно искуство, стручно искуство се базира исклучиво во граѓанските предмети или да не речам дека човекот бил граѓански парничар и дека само една година имал ускуство како истражен судија. Значи, тоа зборува за еден недостаток кога го предлагаме овој кандидат. Од друга страна, забележливо е дека истата оваа личност била претседател на Основниот суд во Битола и тоа во она време кога СДСМ избираше, предлагаше, поставуваше и разрешуваше апсолутно со свое мнозинство без да има некој кој ќе му опонира, или кога го правеше комплетниот реизбор на сите судии.

Според тоа, да се биде претседател на суд и не е којзнае колку тешко да се биде и да се дојде на тоа место, доколку имате врски во владеачката партија и доколку таа ве изгласа овде во Собранието и ве постави за претседател на судот. Меѓутоа, вршењето на функцијата претседател на судот не зборува за некоја стручност во доменот на судењето, ниту пак за стручност во доменот на гонење на кривични дела туку апсолутно се знае што е работата на претседателот на судот - да ја координира работата на судот и тн. Според тоа, тоа е во однос на делот за стручност, кога зборуваме за стручност која ние ја гледаме од овде од аспект на стручност дали ова лице може да одговори на она што денес се предлага. Инаку, дека господинот Прчески си е стручен за она што го работи, тоа неспорно. Но дали тој може да одговори на она што денес се предлага. Јас лично се сомневам. Дај Боже да грешам, но времето ќе го покаже своето. Тоа се критериумите што ги зела Владата во предлагањето на предлогот што го достави до нас, каде што се вели од кои причини и мотиви се мотивирала да го предложи токму овој кандидат.

Она што не се гледа и она што овде се насетува и што произлезе од дискусиите е токму тоа, кои се тие причини за кои сигурен сум дека не му дале предност, кои се тие причини што го исфрлија овој кандидат пред останатите 8 или 9 што се кандидирале. Тука го слушнавме тоа и од пратениците на СДСМ. Господинот Кондарко го кажа тоа, а јас на некој начин ќе го цитирам. Значи, како главен критериум за мене да се предложи овој кандидат е тоа што, господинот Кондарко убаво кажа, оваа личност се спротивстави на валканите игри на политичарите на ВМРО-ДПМНЕ и тоа е еден од критериумите поради кои е предложен овој човек. А

втора причина беше што овој кандидат опонирал со своите постапки на тогашниот премиер, спротивставувајќи се на предлогот за избор на Соња Николовска за стечаен управнит на ТАТ.

Значи, очигледно е дека заслугите на овој кандидат поаѓаат од тој критериум, колку овој човек опонирал и колку овој човек се спротивставил на ВМРО-ДПМНЕ во еден период, потоа, колку придонел за одредени политички влијанија на СДСМ во изборната кампања. Слушнавме дека истиот овој Александар Прчески бил член на Регионалната комисија, предложен од СДСМ. Значи, по основ на тие стари заслуги доаѓа и тој предлог.

Токму овие критериуми, според кои овој кандидат се издвојувал од останатите, токму поаѓајќи од овие критериуми, нас не доведува во позиција да се сомневаме во неговата не стручност, туку во неговата работа како тој ќе работи како обвинител. Незнам кој господин, ми се чини дека повторно беше Кондарко или можеби Жерновски, овде од говорница јасно и гласно кажа, доколку овој јавен обвинител не работи онака како што тоа го предвидува законот, или во заграда онака како што тоа го сака СДСМ, како што бил избран, така ќе биде и разрешен. Тоа е доволна закана и доволен правец за секој еден кој е свесен како треба да се однесува.

Очигледно господинот Прчески е предлоожен и ќе биде избран исклучиво благодарение на политичкото влијание на СДСМ или на нивните желби. Јас мислам дека со голем дел од Либералнодемократската партија во некој дел се согласивме, во некои делови гледам дека се разликуваме, но факт е дека во оваа ситуација ЛДП има марионетна улога. Според зборовите на Жерновски велиме, тоа го цитирам, требаше кандидатот од обвинителство, не мораше да биде од судството, а сепак му даваме поддршка, а од друга страна не знаеме зошто даваме поддршка. Значи тотално е марионетна улогата на ЛДП. Тоа требало да го расчистат внатре во коалицијата. Очигледно дека поголемата политичка партија, кај која е поголема моќта, го наметна овој кандидат, а ЛДП како и останатите помали партии кои ја сочинуваат оваа коалиција, мора да го слуша тоа што го кажува поголемиот брат.

Исто така, интересно е што поддршка на овој кандидат дава токму и ДУИ, партијата на Али Ахмети застанува за дкандидатот Александар Прчески за републички јавен обвинител. Се поставува прашањето зошто токму ДУИ застанува зад овој човек, што толку ги заинтригира да поддржат еден кандидат или било кој да беше, што толку ги заинтригира, токму Александар Прчески да застане на чело на

Јавното обвинителство. Сигурно, јасно е зошто тој останува, затоа што во таквиот кандидат веруваат дека овој човек сигурно нема да се занимава со ДУИ, не би требало да се занимава со ДУИ, тие се амнестирани и нема што да бара кај нив. Значи, дури и оние дела што не ги опфаќа амнестијата господинот Прчески не ќе треба ни да ги гледа, ни да размислува, затоа што токму овде произлезе од говорницата - како те поставивме, така ќе те разрешиме. А сигурно дека не е небитна улогата на ДУИ во ова мнозинство и во ова поткрепување или поддршка на соодветниот кандидат. За тоа имаме жив пример, конкретно за Лавовите, Владата застана на еден став, па ДУИ се спротивстави и сега ќе ја видиме рашомонијадата и расплетот како ќе се одвива. Така ќе се случува и овде. Тоа е кога зборуваме за господинот Прчески во смисла на компетентноста или критериумите врз основа на кои е предложен.

Инаку, факт е дека не само на господинот Прчески туку на било кој кој би бил предложен нема да му биде лесно, сигурно ќе има еден куп работа и доколку сака, јас би го крстил тоа на еден подруг начин, значи доколку би сакал во филмот кој го режира СДСМ да има некаква значајна улога или барем да биде со главна улога, бидејќи сите глумци се борат за главна улога, значи во таа главна улога да биде запаметен како добар глумец, ќе мора многу работи да стори. Меѓутоа, дискутабилно е сега дали таа главна улога ќе ја има, можеби ќе има споредна улога или улога на статист, меѓутоа, доколку сака да биде во таква позиција неговиот авторитет да го наметнува, ќе мора да се зафати со многу посериозни работи. Еве, јас ќе му сугерирам уште сега, иако не е избран, а сигурно ќе биде избран, господинот Прчески уште со утрешниот ден, со оглед дека денеска ќе биде избран, значи со утрешниот ден да почне да се занимава со криминалот во Република Македонија и тоа да почне онаму каде што е алармантна состојбата. А каде е алармантна, еве ви податок кој го слушаме секојдневно и на телевизија и во сите весници. Имаме податок дека за 28 дена од почетокот на новата година 2003 се случи 21 убиство, што доколку продолжи со тоа темпо ќе го обориме секој рекорд во Република Македонија. Токму тука господинот Прчески треба да се надмине како јавен обвинител, да ги открива благовремено, поточно да ги гони, и да ги усмерува обвинетите, односно да се наметне правната држава во сите правци. Зошто сега состојбата е алармантна во овој правец? Искрено не очекував 2003 година ќе ја почнеме со 21 убиство во рамките на 28 дена, затоа што верувајте, толку му верував на господинот Црвенковски дека после 15 септември во Република Македонија ама баш нема да се пукне ниту еднаш.

Дека терористичката ОНА се расформира. Денеска имаме владеачка партија, дека нема кој да пука во Република Македонија. Меѓутоа, за жал, криминалот расте и тоа рапидно. Сите години да ги споредиме наназад и оваа, имаме огромна разлика. И, да не заборавиме, напротив, сега пак ни се случуваа и такви кривични дела кои што сме ги немале во нашето подалечно минато. Имаме и киднапирање, заради усценвуање за пари. Вчера слушнав низ изјавата на г.динот министер за внатрешни работи, каде кажа дека причината за сите вакви убиства лежи во големито број оружје кое што го поседуваат граѓаните. Од тоа се извлекува логичен заклучок дека тоа оружје само пука. Значи, нема кој да пука со него и оружјето било причина.

Затоа, господа, јавниот обвинител како прва задача на господинот Прчевски, ќе ја има токму во оваа насока.

Втора задача токму ќе му биде борбата против корупцијата во Република Македонија, но не во насока како што сега почна. Не во насока на селективни пријави, па ќе ловиме вештерки во рамкит ена одредени  политички фактори, кои припаѓаат на одреден аполитичка партија, додека во рамките на другите воопшто нема да ги бараме ниту да ги забележуваме, се со цел да излезе само еден виновник и само еден одговорен. Впрочем, тука ќе му биде тешко на господинот Прчевски, или пак ќе му биде лесно, незнам, затоа што ао го слушаме и ако јаземеме здраво за готово или вистинита изјавата на господинот претседател на Собрание, кој што ја даде на МТВ, дека во Република Македонија повеќе нема корупција, значи, откога дојде новата власт повеќе немаме корупција, тогаш навистина нема со што да се занимава господинот Прчевски сега да бара некаква корупција во власта, затоа што ја нема. Таква изјава дава претседател на Собрание, што не е за потценување. Од друга страна јасно е насочено кон тоа дека нема што да бараш ти во оваа власт сега, бидејки нема корупција. Барај ја таму некаде претходно каде што имало корупција.

Очигледна е намерата или добро режираниот филм во кој што секој по некоја улога игра, а тука е г-динот Прчевски. Повторно ќе кажам, дали ќе биде главна или споредна или можеби статистичка, ќе видиме во текто на времето. Но, доколку сака да биде главна улога, доколку сака да биде забележан и навистина да направи промени во обвинителството во насока онака како што треба и како што доликува, со цел да заживее правната држава во РМ, токму јас би му советувал на г-динот Прчевски да почне со борбата против корупцијата токму во власта и тоа во оваа власт сега овде избрана. Еве му еден пример каде што  би можел да се зафати. Да

почнеме од А-1 Телевизија. Еве, таму имате еклатантен пример на корупција против г-динот Велија Рамповски. Тоа е класичен пример за корупција, доделени пари за одредена намена се искористиле за набавки на пилиња, па се дава гаранција...

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Господине Караџовски, се извинувам ако може, сепак да се држите до темата.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Јас се држам до темата госпоѓо потпретседателке.

Сега, ако ова некому му смета, јас само давам сугестија, затоа што како пратеници ние имаме право да даваме сугестии на оние кои што ги бираме. Дали тоа ќе го прифатат или не, тоа зависи од нив  самите, меѓутоа, ние имаме право да даваме сугестии. Ако е тоа надвор од темата, незнам што би било тема. Значи, тоа е една добра сугестија. Или, еве го еден колега од СДСМ незнам како се викаше дали Кирил, го заборавив презимето, токму намерно и него го прекинаа за бегање од темата, имаме толку кривични пријави во Република Македонија и од претходната и од претпретходната власт, кои не биле процесуирани или останале во фиоките на Јавното обвинителство. Дајте да се зафатиме со таа работа токму тоа што господинот Прчевски треба да го прави. Тука имаме многу кривични пријави таму. Имаме пријави, колку што јас сум информиран и против министерот Хари Костов, не само да се спомнуваат одредени личности. Имаме пријави и од Анкетната комисија која беше во претходниот состав на Собранието и тука имаше еден куп одредени функционери на тогашната власт, Владата на СДСМ, за која што треба да се процесуираат и јас сум за тоа. Токму так аможе да се издејствува до крај да ги отвориме сите работи и да видиме дали во РМ може да се спречи ова и да заживее правната држава. Ако јавните обвинители ги бираме само поради партиски заслуги, лично не сум убеден дека ќе профункционира правната држава и дека токму оваа институција ќе биде самостојна онаму каде што и е местото.

Инаку , господа, ако не се лепезата на работата и на пријавите раири на сите функционери, но најмногу на актуелната власт, затоа што секогаш корупцијата е во власта, не е во опозицијата, тогаш ништо не сме направиле. Ќе испадне дека во СДСМ и до 1998 година, па и ден денеска се се, чесен до чесен , а  расипаните и корумпираните се само во ВМРО-ДПМНЕ. Сепак, ќе испадне ние што зборувавме до 1998 година, па дури и народот што гласаше против СДСМ, тогаш или сме лажеле или не сме ги знаеле работите. Значи, дека ни “ТАТ” било афера, ни дека многу

други работи биле афери, ни дека 28 килограми хероин исчезнале од просториите на МВР на загонетен начин и дека набавките таму со коњи, со незнам какви уметнички слики биле криминал, не биле корупција, сето тоа било чесно и добронамерно. Заради тоа, токму Јавното обвинителство треба да ги насочи работите во сите насоки. И, кога ќе излеземе со токму една таква широка лепеза, тогаш можеме да веруваме дека токму Јавниот обвинител на РМ во личноста и персоната на г-динот Прчевски е заслужно избран и секоја чест. Ние како ВМРО-ДПМНЕ, доколку така работи и доколку го видиме тоа на дело, ние јавно ќе излеземе и ќе се извиниме. Но, со оглед ан тоа да не веруваме дека токму во личноста на г-динот Александар Прчевски на овој начин ќе заживее правната држава односно Јавното обвинителство ќе го заземе своето место, ние го искажавме овде слободно од говорница, сега ќе го повторам, ние не веруваме во делот во кој што мислиме дека треба да се работи односно мислиме и убедени сме дека токму ќе ја одигра улогата во насока онаму каде што некој ќе му наметнува, поточно Владата на СДСМ, со дирекни ингиренции, онака како Жерновски што се искажа, со канџите преку извршната власт.

Република Македонија ја сочинува и кризниот регион, а таму има многу што да се работи. Јас незнам колку сега тука г-динот Прчевски ќе успее, заедно со оваа Влада да воспостави правен режим и таму. Но, очигледно е дека тука најголемиот криминал е тиокму таму и тука ќе треба да се справи. Значи од сето ова, доколку Јавното обвинителство, како што кажав на почетокот, треба да заживее и да работи во насока онака како што го заменил оној што го предлагал , денешниот господин, неминовни се, господа, кадровски промени во рамките на обвинителството и во основното и т.н. Бидејки, еден човек сигурно дека не може којзнае што да измени, а тим прави се. Затоа, јас искрено очекувам дека овие денови после изборот на Републичкиот јавен обвинител, нормално преку Владата како предлагач и парламентарното мнозинство овде, ќе следат и нови разрешувања од јавни обвинители, виши, заменици на јавни обвинители, па нови именувања и т.н., за да може кадровски да се екипира токму во онаа насока во која што кажуваме. Да биде во служба на оној кој што го предлага и таа заслуга секога да му стои над глава. Значи, да не се заборава кој те бира кој те предлага. И, доколку скршнеш, води сметка дека ќе бидеш и разрешен. Токму заради ваквите анводи и токму заради овие причини, ние се сомневаме дека токму во личноста на г-динот Александар Прчевски Републичкото Јавно обвинителство ќе добие личност коај ќе го спроведува законот онака како што треба односно правната држава Република Македонија конечно ќе

заживее. Поради тоа ние нема да го подржиме овој предлог и ќе гласаме против. Благодарам.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Му благодариме на господинот Караџовски.

Реплика бара господинот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Само накратко, господинот Караџовски продолжува со кинематографските способности што ги најави господинот Георгиевски, поранешниот премиер на Првата седница од ова Собрание и уште зборуваат за филм, за глумци, за статисти и уШте, наоѓајки се во тој еден филм, морам да потсетам, она и јавноста што го знае, господине Караџовски, вие бевте на власт 4 години.

Што му сметаше на господинот Џиков да ги реши рејба наочарите? Кој го спречуваше во тоа? Дали вие правевте притисок? Кој го спречи господинот Ставре Џиков да ги реши сите тие пријави што ги кажувате во 1998 година да ги направи и да ги процесира. Вие самите си кажувате дека судија кој треба да биде избран, мора да биде близок со власта, што значи дека вие така сте работеле и тоа е во ред ако така мислите дека треба . Но, Кој го спречуваше г-динот Џиков да ги испроцесира сите тие работи. Зарем мислите дека сеуште ви проаѓаат тие приказни или дел од филмско сценатрио, да го искористам вашиот речник, па граѓаните на РМ ќе ви поверуваат. Со нерешавањето на проблеми или криминални дела за кои сте знаеле дека ги има, вие станувате соучесници во целиот тој процес. За тоа зборуваше и г-динот Кондарко и г-динот Никола Апостолвоски. А, кога се сомневате во некои работи, што не се посомневавте дека г-динот Никола Николовски е толку стручен, па може веднаш од една компанија или пак од вашата партиска комисија за правни прашања да рипне во судија  во Врховен суд кога ви беа тогаш сомнежите. Зошто ваква дискусија немавте тогаш. Мислам овие работи одамна поминаа. Да се вратиме на конкретната тема ид а зборуваме за конкретната тема, а не да зборуваме за некои работи што не сте ги направиле во претходните 4 години и сте станале сооучесници во тој криминал , ако го имало.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Реплика има г-динот Караџовски една минута.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Добро, господине Макрадули, ако очигледно ве нервира кога спомнувам кинематографија, можам да се изразам и со друг речник. Еве, да се изразам уметнички и ќе спомнам мозаик. Мозаикот се реди камче по камче, а токму господинот Александар Прчевски е дел од тој мозаик, кој треба да се исполни она што сте го намислиле како политичка партија.

Инаку, дали јас овде цитирам изјави на нашиот лидер или на незнам кој, добро вие сте забележале дека јас користам такви изрази. Но, одлично и вие сте научиле од вашиот лидер, обично велите соучесници и т.н. овде цитирате, иако сте далеку од правната наука да знаете кој е соучесник, кој не е, меѓутоа, добро го цитирате вашиот лидер.

Според тоа, дали господинот Џиков работел вака или така, тоа било предмет на расправа тогаш кога бевме на власт. Сега, вие сте на власт господине Макрадули, и тоа не ни смета да кажеме она што ние мислиме. А, мислиме дека ако ние сме правеле грешка, вие ја повторувате, господине Макрадули, меѓутоа, уште поригорозно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се извинувам, само да ми кажете кој е за реплика од сега пријавените.

Господинот Кондарко се јавува за збор.

Господинот Ѓурчиев се јавува за збор.

Госпоѓата Топузова се ајвува за реплика.

**РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:**

Со оглед на тоа дека беше спомнато излагањето на господинот Жерновски, атој не е присутен, чувствувам за потребно да кажам сосема на кратко неколку зборови.

Со самото тоа што господинот Жерновски, а преку него и Либерално демократската партија јасно ја изнесе својата размисла, пред се , околу постапката за начинот на избор за јавен обвинител, а покрај тоа и што сметам, навистина, ние изнесовме една теза дека можеби би било подобро јавниот обвинител да бид еод редобвите на обвинителството. Но, тоа господине Караџовски, никако не значи дека предложената личност не би можела добро да ја обавува функцијата, која што ќе и

биде доверена, а поготово однапред ние да донесуваме одредени заклучоци дека кандидатот ќе се однесува на некој претпоставен ваш начин.

ЛДП со самото ова што јасно го изнесува својот став, своето мислење, покажува дека вие имате една сосема контрадикторна дискусија за нејзината марионетска улога. Доколку ние би се однесувале марионетски, тогаш не би го изнесувале вака јавно нашето мислење и нашиот став.

Ве молам, во иднина да не поаѓате секогаш од она како вие се однесувавте и имате намера да се однесувате со вашите таканаречени, како што вие ги именувате, помали коалициони партнери. Помалкуброен не значи и помал партнер. Големината на една пратеничка група не секогаш исклучиво се мери само со бројто на нејзините пратеници. Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Реплика има госпоѓата Пеева.

**АНГЕЛКА ПЕЕВА-ЛАУРЕНЧИЌ:**

Можеби ќе се повторам со госпоѓа Роза Топузоска и сосема ми е јасна желбата на господинот Караџоски да ја објасни својата теза што подобро, меѓутоа, би го замолила во иднина д апобара некои појаки , поцврсти политички докази за да ја оправда дискусијата и тезата која што сака да ја приложи и во тоа да не ги вмешува другите политички партии, особено да не ја утврдува и да не ја коментира позицијата на ЛДП, а се со цел да најде упориште во она што сака да го докаже, затоа што навистина не држи, а и не е негова работа. Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Стоилковиќ има реплика.

**ИВАН СТОИЛКОВИЌ:**

Па, можеби и немаше да се јавам за реплика, доколку господинот Караџовски беше присутен сега тука во клупите, а за информација на пратениците, можеби и повеќе за информација на граѓаните на Република Македонија, кои го следат преносот на Собранието, многу е интересно однесувањето. Знаете, ќе излезете на говорница па ќе изнесете што ќе ви падне на памет во рок од триесетина, четириесет минути или пак еден час, и веднаш ќе излезете, така што нема да ги

сослушате оние што имаат намера да ви одговорат на она што сте го зборувале во изминатите 45 минути. Токму е такво однесувањето на господинот Караџовски.

Инаку, мојата реплика се однесува на тоа што господинот Караџовски ги спомна помалите политички партии. Очигледно , не поминало долго време господинот Караџовски сеуште се сеќава од времето на претходната Влада ког апомалите политички апртии односно нестабилните поединци ги купуваа за одредени намени. Тоа време, господине Караџовски, поминало одамна. Значи иако ние како претставници на помали политички партии сме помалку бројни во Собранието на Република Македонија, тоа не ви дава за право да спомнувате големи или помали браќа. Јас можам да ви кажам дека помалите браќа понекогаш можат да бидат многу силни и многу влијателни, па дури и повеќе од вас. Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ние како опозиција се обидуваме, а и понатаму ќе се обидуваме да го кажеме она што мислам дека вие не смеете да го кажете, бидејки сметам дека понекогаш пратениците од позицијата многу често се затворени во своите партиски кругови, во своите апртиски оклопи и затоа опозицијата секогаш, мислам дека тоа е и пракса секаде во светот, да го каже она што позицијата не смее да го спомене во овој Парламент. Ваше е дали ќе ги прифатите нашите обвинувања или видувања на работите поинаку, отколку на опозицијата, но наше е, исто така, да ги кажеме , а еве и неколку причини поради кои што сметам дека треба ние да ги кажуваме.

Најдобро би било да прифатите дел од овие наши кажувања, бидејки так анајлесно ќе се помине. Многу полошо е ако не ги прифатите и притоа после одреден период ние ќе мораме да се повикаме и да ви укажеме дека сето тоа сме го кажале уште при именувањето на јавниот обвинител.

Прашањето и статусот на јавниот обвинител и функционирањето на Јавното обвинителство по правниот систем на државата, секогаш ќе побудува многу голем и важен интерес. Но, мора да се каже дека е неопходно и потребно објективно да се даде приказ и оценка на работата на оваа важна правосудна институција.

Имав можност како пратеник од претходниот состав на парламентот да бидам присутен на именувањето, работата и разрешувањето на претходниот јавен обвинител г-динот Ставре Џиков. Тој беше именуван на 15 април 1999 година. Тука беа присутни и пратениците од позицијата, никој не даде забелешка на процедурата за избор на Ставре Џиков.

По неколку денови, лидерот на СДСМ во интервју во "Денес" ја оспори процедурата за избор на Јавниот обвинител. СДСМ постојано се обидува да ја доведе во заблуда јавноста, иако пратениците од таа партија беа присутни на самата седница и можеа да го кажат своето мислење.

За работењето на обвинителот Ставре Џиков, мислам дека секоја година 1999, 2000, 2001 во Собранието на РМ, беа доставувани извештаи за работата на Јавното обвинителство до сите пратеници во Парламентот и тие извештаи беа разгледувани на седницата на парламентот. Во ниеден од тие извештаи од тогашната опозиција, сргашната позиција се нема изнаснето против и нема забелешки на тие извештаи.

Само би напоменал дека во 2001 година во Јавното обвинителство биле поднесени кривични пријави против 13 .744 лица. Барање за спроведување на истрага пред истражните судии 5083. Пред основните судови се подигнати обвиненија за 9404 случаи. Донесени се 7117 пресуди, ослободителни 321 и одбивателни 341, што доволно зборува за работењето на Јавното обвинителство.

Обвинителот Ставре Џиков, исто така сакам да напоменам дека направи една средба со обвинителите од Југоисточна Европа во Охрид во 1999 година, исто така, одржа семинар за заштита на човек во кривична и судска постапка во која беа обвинителите од сите региони на Балканот.

Исто така, јас се извинувам што направив мала дигресија, би сакал да напоменам за незаконското разрешување на јавниот обвинител Ставре Џиков на третата и четвртата седница од овој парламент. Имено, тој беше писмено повикан, без воопшто да бидат наведени по кои одредбиод законот се разрешува. Туку едноставно беше повикан да присуствува на третата и четвртата седница на ова Собрнаие. Во постапката што ја спрове Владата за неговото разрешување, согласно член 112 од Деловникот на Собранието, на член 32 од Законот за јавно обвинителство и на член 106 од Уставот на Република Македонија, требаше да се побара мислење од Јавниот обвинител пред неговото разрешување. Меѓутоа, тоа воопшто не беше побарано, што јасно кажува дека е прекршен законот при неговото разрешување.

Исто така, сакам да напоменам дека за неговото разрешување учествуваа и господата од ДУИ, господинот Газим Остени, кој сеуште не е амнестиран за злосторствата што ги направил од нашите судови. И треба да се најде на обвинителна клупа на Хашкиот трибунал. На листата на несакани лица на претседателот Буш се наоѓа токму осомничениот Газим Остени и Хисни Шакири за екстремизам и злодело што се направени во Македонија. И тие учествуваа во разрешувањето на обвинителот на Република Македонија. Каква иронија?

Сега би се осврнал на кандидатите кои што се за избор на Јавен обвинител на РМ, мислам дека беа околу 9, колку што ми е познато. Меѓу нив имаше и јавни обвинители, заменици на јавни обвинители со долгогодишен стаж во нивното работење.

Исто така, имаше пријавено и судии и адвокати, кои исто така имаа долгогодишно искуство од областа на кривичното право. Меѓутоа, СДСМ и партиите кои ја сочинуваат позицијата го предложија токму г-динот Александар Прчевски судија во Основниот суд во Битола.

Незнам дали позицијата знаеше, но јас уште еднаш би повторил дека за г-динот Прчевски има осудително решение и тоа број 7363 од 1969 година на негова 19 или 20 годишна возраст за реметење на јавен ред и мир во кафеана во село Буково. Тоа зборува за карактерот на овој човек, за неговата агресивност мислам дека ова обвинение е за реметење на ред и мир на јавно место и е донесена осудителна пресуда. Многу јасно зборува за ликот на еденн човек.

Дали г-динот александар Прчевски е предложен поради тоа што беше член на ргионалната изборна комисија, во изборниот регион 5, тоа може да се види од "Службен весник" број 61 од 26 07 2002 година.

Вие знаете дека според законот за избор на пратеници се предлагаат судии во регионалните изборни комисии еден од позицијата и еден од опозицијата. Сега Александар Прчовски беше предложен од страната на позицијата како претставник во регионалната изборна комисија. Сега се прашуваме дали ова е плаќање на долгот кон судијата Александар Прчовски и какво ќе биде неговото работење во нарендиот период, знаејќи со каков багаж доаѓа на оваа многу важна, исклучителна важна функција во Република Македонија. Дали ова не значи уште еднаш партизација на највисоките органи во РМ, што сметам дека не е добро и во најдобар случај би требало да се повлече предлогот за г-динот Александар Прчовски и да се даде некој друг предлог, кој што мислам дека ние како опозиција радо би го прифатиле.

Во најмала рака, неговото предлагање претставува навреда на 26 обвинители и нивните 172 заменици во јавното обвинителство на РМ, со тоа на некој начин, се девалвира нивната функција и нивната работа. Значи може да биде било кој без искуство во соодветната практика, т.е. во соодветната област. Тој нема многу да се интересира за јавното обвинителство, бидејќи не потекнува од оваа област, не живее ниту малку со проблемите на обвинителството, ниту со кривично-правната практика. Едноставно се кажува дека оваа функција ќе биде марионетска, партиска, послушна и зависна. тоа ќе биде функцијата на г-динот Александар Прчовски.

Уште еднаш сакам да напомнам за неговата вмешаност во ТАТ, ако не директно тогаш неговите роднини и пријатели кои што беа целосно обештетени. Од неговата биографија може да се види  дека бил стечаен управник во “Лозар”, потоа кратко време и стечаен директор и во јавноста провејува мислењето дека за сегашните состоби во “Лозар” има влијание г-динот Александар Прчовски.

На  крајот сакам да кажам дека кандидатот за кој се залага СДСМ  и неговите партии во позицијата, нема да гласам како пратеник во ова Собрание значи ќе бидам против овој предлог, со замолница да се повлече овој предлог и да се даде друг посоодветен предлог на кој што ние не би имале можност вака долго да го оспоруваме.

Исто така, би напомнал дека најсоодветно би било во натамошниот период ние и како парламент да донесеме закон и да го уредиме именувањето на јавниот обвинител да не биде на предлог на Владата  на Република Македонија, тгуку како што кажаа и голем број пратеници. од претходниот состав, Јавниот обвинител да го бира независно судско тело.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Јани Макрадули има реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господинот Трајановски кажа дека човек кога е во опозиција не може да каже некои работи, тој најдобро го покажа тоа  во изминатите четири години и како опозиција сака да фрли таква магла, да ја фрли јавноста во заблуда, со некои докази, што апсолутно не се точни.

Прво, процедурата за г-динот Ставре Џиков, не одеше така лесно како што вие сакате да ја прикажете на јавноста. Збнаете дека прво нешто што го направи минатата власт, иако не сакам да зборувам за тој период, очигледно вие заборавате

некои работи за да ја изманипулирате јавноста, го направивте на нелегитимен начин ја прескокнавте процедурата, па потоа ја вративте постапката и потоа се избра на друг начин по регуларна процедура.

Значи да ве потсетам иако вие добро знаете сседевте тука во вториот ред. Втора работа, исто така, сакате да ја фрлите во заблуда јавноста и разгледувањето на извештаите од јавниот обвинител. Јас од кога сум во Собрание од 2002 година нњемаше седница кога не баравме да се разгледува извештајот од јавниот обвинител. Тој не беше од многу точки поставен. Затоа, ве молам не ја манипулирајте јавоста со вакви изјави и држете малку до достоинството на ова Собрание.

НИКОЛА ЌУРЧИЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници

Кога ја отпочнавме седницата во салата меѓу колегите пратеници владееше атмосфера на конструктивност и искрена добронамерност.

Во таа смисла, колегите од опозицијата чие враќање во пратеничките клупи го поздравувам кажаа дека се за единство на сите нас кога е во прашање имплементирање на европското и светското законодавство во нашата држава. Кога ја отпочнавме оваа точка работите некако како да се сменија и предложија во иднина да пристапиме кон разгледување на можноста за формирање на тело кое подоцна би го разрешило обвинителот што денеска како што претпоставуваат ние ќе го избереме. Кажаа дека и нашиот, односно нивниот обвинител, мислејќи на господинот Џиков, не бил многу сјаен и сигурно ќе бил сменет од функцијата, доколку го добија тие овој мандат. Признаа дека како политичка партија во изминатите четири години биле сведоци на еден исклучително опасен непрофесионален однос во судството. Јас се согласувам дека како законодавен дом треба да размислиме за нов, може би посоответен модел со кој што ќе се избира јавниот јобвинител. меѓутоа, сум за квалитетни и трајни решенија, а не клога сме во позиција бираме ние, а кога некој друг е опозиција нечини моделот и треба да бираме некој друг. Судството било нестручно, непрофесионално и несовесно.

Почитувани колеги што не запира да го отвориме овој законодавен дом да отвориме една релевантна расправа и да ги создадеме сите предуслови истото да стане и стручно и професионално и ефикасно. Се надевам и очекувам дека во блиска иднина ќе можеме не во контекдст на некоја друга точка како што е сега случајот, туку конкретно да го направиме тоа. Исто така, и јас сум за европско и

светско законоавство. Но во исто време многу повеќе сум за доследно почитување и без резервна примена на законодавството денес такво какво што е, а кога ќе го модернизираме ќе бидам и за тоа исто така. Меѓутоа, по мое длабоко убедување токму од примената на законодасвството, а не кој ќе биде новиот јавен обвинител е клучното прашање. Едноставно, имам впечаток дека минатиот пат во РМ, конечно ќе има човек на чело на институцијата на обвинителството. Чудно, меѓутоа, ми се чини без да има нервоза, страв итн., зашто ако ја прифатиме оценката на колегата кој дискутираше во петокот дека г-динот Ставре Џиков не бил стручен и сегашен јавен обвинител, односно дека не си ја вршел работата како што успеав да разберам, излегува дека во РМ, оваа многу важна и клучна институција е празна не еден, не два месеца, туку повеќе од четири години. Знаејќи го тој факт, имајќи ја предвид решителната политика што ја прокламира Владата тоа значи почеток на една легална регуларна војна против криминалот и корупцијата, а наше е како пратеници во нашиот домен, во нашите надлежности да обезбедиме регионално функционирање на институцијата обвинител. Земајќи го предвид претходното што беше кажано или претходното професионалното промашување што беше направено на оваа функција, лично сметам дека не е дискутабилен и проблематичен изборот помеѓу било кој од деветте кандидати на оваа функција.Кој да беше денес на местото од г-динот Прчоски, секојј што е засегнат на еден ли на друг начин народски кажано, секој што си ја има мувата на капата не може да се радува и да биде задоволен од именувањето на нов јавен обвинител. Оттука, сосема очекувано е оние што се огрешиле од законот нема да се радуваат на изборот на новиот јавен обвинител, туку во него ќе гледаат можност за загрозување на демократијата, за загрозување на човековите права, па наводна репресија без политичката волја и тн.

Почитувани колеги пратеници, за разлика од некои претходни дискутанти јас немам однапред сомневање во кредибилитетот и капацитетот на господинот Прчоски во однос на извршувањето на функцијата јавен обвинител. Функцијата освен што е одговорна, со оглед на состојбите во државата, ќе биде и доста тешка. Меѓутоа, земајќи ја предвид подготвеноста на некои наши колеги од конкретна позиција на власт во изминатите четири години кога не успеале да ги извршат своите надлежности, а сега се нудат како доброволци да му помогнат на новиот обвинител како аргументи со материјални докази, токму во најголемата афера, како што велат тие, мислам дека г-динот Прчовски уште полесно ќе може и поквалитетно да ја остварува оваа функција. Затоа, ќе го поддржам овој предлог.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам

За збор се јави г. Кондарко Борис.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во врска со она што беше кажано во изминатиот тек на расправата и претходниот ден во петокот, а и посебно во врска со тезите и наодите што беа изнесени од опозицијата денеска, на денешната расправа, морам да кажам дека во најблага мера или најблаго речено беа изнесени во врска со оваа точка тенденциозно многу невистини и многу неточности, како податоци, а исто така беа искривени и многу делови од говорот што во прилог на образложение на изборот на г. Прчески беа кажани во претходниот тек од расправата.

Би сакал да започнам со она што беше кажано од опозицијата.

Најпрво, беше кажано дека г. Прчески е виновен, односно погрешил, има удел при постапката за изземање на Битолскиот Основен суд. Господо опозицијата и вие имате ваши правни стручњаци, вие г. Караџовски дискутиравте исто така во овој дел, адвокат сте и знаете дека во врска со постапката за изземање на еден цел суд одлучува непосредно повисокиот суд, тоа е Апелациониот суд во Битола. Така што тоа е сосема погрешно и тенденциозно, бидејќи г. Прчески апсолутно немал ниту можел да има допорни точки и влијанија во врска со донесувањето на одлуката за изземање на судот во врска со одлучувањето по случајот на ТАТ. Значи, тоа го прави повисокиот, Апелациониот суд во Битола.

Беа искажани сомневања односно тези дека г. Прчевски и господинот стечаен управник на Штедилницата ТАТ Никола Јанкоски правеле, цитирам “неправилности при исплата на средства од активата на ТАТ на блиски роднини”. Овде беше кажано тоа од опозицијата од господинот Мавровски. Ве молам, за какви неправилности станува збор и зошто во времето од 1998 до 2002 година, бидејќи аферата ТАТ се случи 1997 година, правната држава на ВМРО-ДПМНЕ не презема соодветни постапки, соодветни правни мерки, дали има поднесено пријави за овие неправилности и дали нешто, против овие лица кои вие овде ги посочувате во една регуларна постапка сте презеле мерки или сте доставиле докази за тоа? Значи, повторно паѓаат во вода вашите тези, тенденциозно, злонамерни невистини со цел да ја манипулирате јавноста и да ги девалвирате авторитетите на овие личности.

Понатаму, се оспорува т.н. аполитичност на г. кандидат Прчески и тоа замислете, затоа што тој бил за време на изборите член односно претседател на Општинска изборна комисија. Да ве потсетам господо опозицијата дека, согласно Законот за избор на пратеници, не само г. Прчески туку сите судии земаат учество во изборните органи за спроведување на изборите. На различно ниво и тоа од Општинска изборна комисија преку Регионална до Државната изборна комисија. Притоа, во оние места, специфични, каде има основни судови а каде има помал број на судии, според организацијата на судството, дури немаше доволен број на судии за да бидат покриеви и задоволени потребите на изборните органи. Значи, по функција, практично доаѓа дека сите судии на основните судови се членови на изборни комисии, вклучувајќи го тука и г. Прчески. Не гледам што е тука спорно. А, за ваш податок, конкретно за Основниот суд Битола, од 28 судии на Основниот суд, дури 24 од нив биле ангажирани во изборните процеси. Не само минатата година, туку и изборните процеси што се одвивале повторно. Дали тоа значи дека и останатите 23 судии, покрај господинот Прчески се политички инволвирани, политички активни или дека навиваат за оваа или онаа политичка опција или дека преку нивната работа, всушност, вршат политичка функција? Се разбира дека тоа не е точно.

Друг аргумент во врска со ова, функцијата член или претседател на изборна комисија е државна комискија и нема врска со извршување на судската функција или со извршување на друга партиска функција. И дали, ако вие се сомневате во неговата стручност и способност, дали имате конкретни забелешки во врска со извршување на неговата функција од позиција на член на изборна комисија? Дали имате такви забелешки? Јас овде не слушнав. Значи, овие ваши неточности, неточно изнесени ставови паѓаат повторно во вода, бидејќи такви обвинувања овде немаше. А друго е, во тоа својство како определен судија, во својство на изборен орган ќе ја извршува својата функција дали согласно законот или не. Таков е нашиот изборен систем и тоа важи за сите судии.

Понатаму, г. Караџовски, многу често ги употребуваше, што навистина не доликува на ова место да се употребуваат такви зборови, такви изрази какви што се, цитирам: “политички процес за смена на јавниот обвинител”, “режиран филм” или “политичка игра”. Навистина, премногу често и непримерно беа употребени во ова Собрание тие зборови и мислам дек ане доликуваат при една сериозна дискусија, каде што се изнесуваат аргументи за една ваква сериозна точка на дневен ред.

Имено, во еден дел можам да се согласам со Вас ако алудиравте на тоа и ќе ви потврдам, во потекот тоа го говорев од оваа говорница, точно е дека се работи за политичка волја на владеачкото мнозинство и СДС. Меѓутоа, како што кажав, политичка волја изразена преку програма на СДС и тоа за воведување на ред и почитување на законот. Значи, подеднаква важење за примена на законот за сите, без разлика кој се наоѓа на власт, а кој е во опозиција во соодветен временски период. Значи, таква политичка волја да, а зарем сте вие господо од опозицијата против спроведување на една таква политичка волја и, зарем вие, во вашите политички настапи, исто така, декларативно не се залагате за една таква политичка волја или според г. Караџовски политички процес, кој секако сака да ги изврти тезите што се овде кажани аргументирано од страна на позицијата.

Во врска со дилемата и прашањето зошто јавниот обвинител е предложен односно не се избира од редот на Обвинителството? Јас исто така го одговорив тоа. Повторно се наметнува прашање, ќе повторам, нема некаква законска пречка исто така и судии како и обвинители можат да ја извршуваат оваа фуквија. Постапката е запазена. Така што сето друго останува на тоа, кандидатот кој ќе биде избран, дали оваа функција ќе ја врши законито или не.

Во врска со ова, се обидовте повторно да изманипулирате со јавноста и да го прикажете предлогот на позицијата со предлогот на господинот Прчески како кандидат од судството и на тој начин дека позицијата ги девалвира останатите 8 пријавени кандидати на конкурсот кои се од Јавното обвинителство. Ве молам, тоа не е точно. Ве молам, во нивно име, да не манипулирате затоа што од 9 приајвени секако еден од нив мора да биде избран. Тоа сигурно не значи, според нас, дека останатите 8 се нестручни или дека не го заслужуваат тоа. Меѓутоа вие тоа многу вешто сакате да го пласирате и да ја изманипулирате јавноста дека некој има нешто против тие луѓе или дека некој евентуално го оспорува нивниот квалитет или нивната стручност. Секако, г. Караџовски, тоа не е точно.

Исто така, кога се оспорува стручноста конкретно на предложениот кандидат, само ќе ви го кажам следното, бидејќи ние овде не сме компетентни и надлежни да ги провеуваме предметите и да ја цените, ниту сме сите правници да ја цениме ниту имаме право да ја цениме неговата работа по конкретни предмети, неговата стручност, за тоа во оваа држава има надлежни институции. Тоа е Републичкиот судски совет и секако другите инстанци во судовите како што е мислење на судии од соодветните судови, општата седница на Врховниот суд итн.

Дали, г. Караџовски во една од овие институции има изнесено негативно мислење за наводна нестручност на предложениот кандидат? Секако дека не, затоа што доколку имаше вие немаше да пропуштите можност тоа да го кажете.

Ќе ве потсетам дека Републичкиот судски совет кој вие делегирате луѓе после 1999 година, вие делегиравте ваши партиски луѓе врз основа на награда за добро извршена партиска работа и вие го политизиравте тој орган, значи РСС и во овој состав и претходно во континуитет никогаш досега не дал негативна оценка или мислење за работата на предложениот кандидат. Напротив, не само што не дал, туку дал во два наврати до сега позитивни мислења. Во еден наврат за избор на судија на Основниот суд во Битола и една прилика позитивно мислење за претседател на Основниот суд, што секако не е мала работа и треба соодветно да се почитува и да се вреднува. Така што и овие аргументи за нестручност, секако дека не држат.

И на крајот, бидејќи Вие г. Караџовски полемизиравте со моите излагања што ги наведов како приоритети во минатиот тек на оваа точка по расправата од дневниот ред, велевте дека ова е награда, затоа што според вас, како што вие тоа ме цитиравте, г. Прчески разоткрил валкани работи на ВМРО-ДПМНЕ на денешната власт и дека се спротивставил со тоа што кажал не на тогашниот премиер. Јас ќе ви одговорам следно, позитивно е тоа што г. Прчески го направил и спротивставил, меѓутоа тоа беше кажано како принцип, како негов принцип да се каже не и дека тоа е една гаранција и уверување дека тој ќе биде доследен на тие принципи и дека и понатаму така ќе работи. Значи ќе работи и доколку има потреба да се каже повторно не, дека тоа ќе го направи независно кој во моментот се наоѓа на власт. Тоа го мислев и го кажав јасно и гласно овде отворено пред целата македонска јавност дека, доколку има таква причина на било кого од владеачката структура повторно треба да го направи г. Прчески истото и да го образложи со законски аргументи.

Исто така, вие велите дека декларативно се залагаме и прокламираме овде од оваа говорница при изборот дека г. Пржески, доколку работи незаконито, повторно тука ја изввртевте мојата теза, ја злоупотребивте, дека истиот ќе биде разрешен. Да, јас реков ќе биде разрешен и тоа за разлика од практикувањето на вашата власт, кога вие имавте мнозинство во Парламентот, јас реков дека ќе биде разрешен за разлика од вас од ова исто мнозинство кое го избрало. Тоа е многу битна и суштинска разлика, дека нема да се прави разлика во врска со тоа од каде дошол предлогот, кој избрал, туку единствен критериум ќе биде работата на

кандидадот и неговото совесно, одговорно, стручно, професионално и независно извршување на функцијата, како што таа функција е предвидена во Уставот.

Исто така кажав дека тој ќе биде разрешен, меѓутоа истовремено принципиелно и отворено ја има целосно нашата поддршка и доверба да повторно, не само за тоа што било во минатото, туку тие негови принципи доследно ги применува без разлика кој е на власт, вклучувајќи ја и оваа власт и секому да може да се спротивстави на закони и аргументиран начин и ако треба повторно на било кого да каже не.

Ете, ради појаснување, тоа беа аргументите што одат во прилог на образложување на предлогот за избор на г. Прчески за јавен обвинител.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Коце Трајановски има збор за реплика.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да дадам реплика на г.  Кондарко, бидејќи рече дека претходните дискутанти изнесувале тенденциозни и неточни податоци.

Ако добро ме слушаше, мислам дека точно кажав дека господинот Александар Прчевски има осудителна пресуда број УП број 7363 од 1969 година. Ако ова е неточно може да се провери во соодветниот суд.

Второ, рече дека не е точно дека г. Александар Прчески е член на Регионалната изборна комисија предложен од партијата СДС и од опозицијата. Сакам да обрнам внимание дека исто така кажав дека во “Службениот весник” број 61 од 26.07.2002 година, со Одлука на ДИК член во таа ДИК е и г. Александар Прчески и тој е предложен согласно Законот за избор на пратеници во кој што цецидно и доследно е кажано дека и позицијата и опозицијата предлагаат членови во регионалните изборни комисии и во тие регионални изборни комисии само претседателот и заменик претседателот се неполитички предложени личности. Останатите, поради баланс, заради тоа позицијата да не ја изигра опозицијата или опозицијата да има удел во одлучувањето или во оневозможувањето на евентуални неправилности на регионалните изборни комисии, беше предложено да имаат и опозицијата и позицијата соодветен број на членови.

Согласно на тоа барам или може да се води во ДИК има документ во кој што со печат и потпис на партиите се предлагани одредени судии за членови во

изборни комисии во регинални, општински, па ако сакате и надолу до избирачките одбори, нормално не се судии таму, таму се обични граѓани.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Мавровски Спиро.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да не се повторувам, г. Трајановски кажа некои работи, јас би упатил неколку зборови до г. Кондарко, да напише некој лексикон на зборови и фрази за да знаеме како ние од опозицијата да се однесуваме. Затоа што гледам на секоја дискусија имаме некои погрешки, па да знаеме во иднина да бидеме сериозна опозиција да употребуваме термини како што треба да бидат за да дадеме поголема тежина и сериозност на ова Собранието.

Исполитизираноста за Републичкиот судски совет и воведувањето на судии и од ВМРО-ДПМНЕ, јас би го вратил малку назад господинот Кондарко во 1996 година кога беа бирани сите тие судии. Многу добро знаеме  дека тука, без опозиција се избрани сите судии што денеска судат по нашите судови. За жал, тогаш предложена од своите колеги пратеници, стручни луѓе, кои обавувале работа во Битолскиот суд, конкретно госпоѓата Олга Бошевска беше одбиена само затоа што нејзиниот сопруг бил член на тогашната опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ. Затоа мислам дека треба малку да внимаваме.

А, за овие работи што вие ги искажавте дека г. Прчески морал да биде член на Регионалната комисија, дека тоа е државна функција, уште малку ќе испадне дека, бидејќи изборите ги спроведуваше владеачката ВМРО-ДПМНЕ, дека може г. Прчески да е член на ВМРО-ДПМНЕ.

Благодарам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Она што беше наведено во дискусијат на господинот Кондарко околу аполитичноста на предложениот кандидат не држи место и тоа би сакал да го аргументирам со следното.

Прво, да ми се одговори на прашањето зошто позицијата и коалицијата која што е владеачка во овој момент помеѓу СДСМ, политичките претставници на

ЛДП не елиминира многу сомнежи односно ќе елиминираше многу сомнежи доколку направеше напор и изградеше една поддршка за предложениот кандидат и од опозиционите партнери ВМРО-ДПМНЕ и ЛП.

Едногласноста при изборот на носителот на вака значајна и чувствителна функција ќе претставуваше исклучително важен чекор кон зајакнувањето на позицијата на Јавното обвинителство. Вака самиот факт што на предложениот кандидат му даваат поддршка само партиите кои се во Владата, неминовно доведува до заклучок дека идниот државен јавен обвинител не може да се ослободи од зависноста од политичката поддршка на позицијата. Тоа во секој случај ќе се рефлектира и врз нивното работењето на Обвинителството.

Сомнежот за политичката зависност на идниот јавен обвинител особено доаѓа до израз со тоа што тој не потекнува од Јавното обвинителство. Значи, не случајно СДСМ ќе ја даде својата подршка на идниот јавен обвинител, а тој сигурно нема да биде, за да биде апострофирана независноста на функцијата државен јавен обвинител и неговото функционирање согласно Уставот и законите, туку за реализација на политичките потреби на СДСМ.

Овде особено се работи за кандидат кој се докажал во досегашната соработка со оваа партија, како што беше истакнато како член на Изборната комисија во изборниот регион број 5 предложен од оваа партија, а истовремено и некои други активности кои се однесуваат на неговиот избор за претседател на Основниот суд во Битола, кое што беше исто така во времето на мнозинството на СДСМ во ова Собрание.

Значи, доколку се тргнувало со поинакви мотиви, сигурно ќе се почитувало мислењето на луѓето од Јавното обвинителство, а ќе се побарало сигурно и мислење од стручната јавност.

Од ова што го кажав се наметнува заклучокот дека СДСМ, господине Кондарко сеуште не е подготвен за измени во начинот на избор на државниот јавен обвинител, со што би се редуцирала во голема мера можноста за политичко влијание при изборот, а истовремено би се потенцирала независната оценка за стручните, моралните и човечките потенција на кандидатите.

Но, овде нема ништо изненадувачко ако се има во предвид начинот на кој што функционира правниот систем во нашата држава и какво е политичкото влијание врз неговото функционирање. Нефункционирањето на правниот систем на дел од територијата на Република Македонија претставува уште една потреба за влијание на извршната власт врз обвинителството.

Од овие причини сметам дека не треба да се зборува за аполитичност на кандидатот, туку треба да се искаже целосната политичка поддршка на СДСМ која што беше искажана и низ дискусиите на претставниците на оваа партија во овој Парламент.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас се извинувам што уште еднаш ќе ја искористам оваа говорница и по втор пат се јавувам за дискусија, но ќе го искористам она истото што го направи господинот КОндарко по два пати ќе дискутираме, па можеби ќе најдеме нешто заедничко во дискусијата.

Прво, мене ми е драго господине Кондарко што внимателно сте ме слушале што е ссекако за поздравување. Значи, треба внимателно да се слушаме што зборуваме, а од друга страна гледам дека она што вие мене ме обвинувате дека вртам тези, извртувам тези и тн. и доста умешно и вие истото го правите. Сега ќе ви вратам контра со истата цел која вие ја имавте.

Прво, јас незнам зошто вие мене ме спомнувате во реплицирањето и забелешката во однос на иземањето на судија кој е надлежен, како е надлежен. Само тоа дека сум адвокат јас во мојата дискусија тоа господине Кондарко воопштго не го спомнав и незнам зошто мене ме повикувате. Ако треба да бидам советодавно тело на сите во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, верувајте дека треба и на многу ваши да бидам советодавно тело, да ме користите како адвокат. Јас ви стојам на услуга, доколку ви треба, со оглед дека не го гледам господинот Ѓорѓи Спасов, кој еднаш ја зеде таа улога на адвокат, еве јас ви се нудам дас ви помогнам во тој дел.

Во однос на обештетувањето, активата и пасивата не беа мои зборови, ниту го споменав тоа.

По односн а забелешките дека сум користел изрази, режил филм и тн., политичка игра и тн. искрено да ви кажам господине Кондарко токму вие ме стимулиравте да ги употребам тие изрази, затоа што на крајот на краиштата зарем немаме право да се сомневаме во одредена кандидатура. Секој има право како пратеник да се сомнева во исправоста, дали е тоа виситинското решение, како и да не се сомнева. Вие апсолутно не се сомневате, ви сметате дека тоа е вистинското решение и тоа никој не ви го оспорува. Но, неможете вие да ми го оспорите правото

јас да се сомневам во исправноста на овој предлог. Зошто ги кажав тие реченици, повторно ќе повторам. Мене ми наликува тоа на добро смислена игра. На господинот Макрадули му сметаа зборовите филм и ттн., еве не ги користам тие зборови, но ќе кажам дека е тоа добро смислена работа. Треба да најдеме добра личност, адекватна, послушен човек кој што ќе го спроведе сето она што СДСМ го замисли. Инаку, не е точно, ниту сум бил против воведување на јавен ред и мир, поредок и тн., ниту сега, ниту пак ВМРО-ДПМНЕ. Ниту јас искрено се сомневам дека тоа е целта на оваа владеачка структура надвор од она што го ветувавте во предизборната кампања. Тоа што го ветувавте е за поздравување, тоа што го правите е сосемањ друга работа и има место за критика. Ако треба да не критикуваме кажете го јавно зошто да молчите, како што молчевме два месеци, не учествуваме во работата, а можеме и понатаму, тоа не е спорно. Но, ако сме тука веќе присутни, тогаш мора да го искажеме она во кое ние се сомневаме. Јас незнам кој ни го ускратува тоа право. Еве последните настани господине Кондарко, јас незнам што сте по професија, меѓутоа, ако треба да зборуваме со правен речник, ајде да ги анализираме последните настани кои ни даваат за право да се сомневам дека станува збор токму за добро осмислена игра. Само ќе ви кажам една работа. Дали вие сметате дека сите овие притвори во РМ по однос на овие кривични дела за кои што се залага коалицијата се оправдани. Има ли тука простор за политичко влијание, или наметнување на сила врз Обвинителството од страна на извршната власт и со сила во смисла на закана и тн. и тн. Истото може да се случи и преку предлагање на дотична личност во лицето на овој господин кој го избираме, за да унапред се каже дека треба да се води сметка кој што намислил како да се реализира.

Јас како правник и како адвокат искрено се надевам и мислам дека во многу дела во последните изречени мерки притвор од страна на истражните органи има смешано раце токму СДСМ преку своите институции на власт. Анализирајќи го членот 178 од Законот за кривична постсапка ќе видите дека апсолутно нема основ. Кои ви се основите да се притвораат и така спектакуларно. Пример, лицето доаѓа само се пријавува, а трите услови за притвор се:

- ако постои опасност од бегство,
- ако има влијание врз сведоците,
- доколку влијание во рамките на истражната постапка, со тоа што би го повторил кривичното дело.

Каде се сега основите ајде да видиме. Сам се пријавува, разрешен од функција, нема опасност за бегство, гарантира за се и вие му одредувате односно вашата власт преку наметнувањето на одредени ставови, се одредува притвор и се држат по 30 дена. Значи, ние сме за правна држава и сме за спроведување на сите мерки што треба да бидат, но да се почитува засконот и поредокот, а не да се измислуваат спектакулрани притвори и таму каде има и таму каде нема. За да се покаже господине Кондарко дека токму се тие личностите кои се корумпирани и единствени криминалци во РМ.

Друго, велите зошто користам поим политички режим. Јас сум член на ВМРО-ДПМНЕ во борбат против корупција, односон оние што се притворени и против кои се води таа хајка јас друг член не гледам од некоја друга политичка партија. Кажав и во претходната дискусија и сега ќе кажам - зарем вие сметате дека сите во СДСМ се чесни, почнувајќи  од 1990 година до ден денеска. Се чесен до чесен. Кога ќе видам дека во судската постапка ќе излезе еден таков член од претходната власт, не е битно која, можеби и во оваа ако има тогаш навистинса ќе се надевам дека се спроведува она за кое вие се залагате, односно за кое сите се залагаме. Но, доколку е сето тоа селектирано и сега врв на таа пирамида треба да дојде токму републичкиот јавен обвинител за да ги изврши и спроведе до крај она што си го замислува СДСМ, јас го кажав тоа како што го кажав, а вие можете д го толкувате како сакате.

Не сум кажал и немам намера да кажам дека ги омаловажувам останатите конкурентни од Јавното обвинителство кои конкурирале со цел да ја извртам тезата и тн. Но, факт е и мислење на повеќето други зошто ако ние сме ја повториле грешката пред четири години, зошто истото го правите и вие. Зарем во континуитет, кажас господинот Ќурчиев, дури сме немале ни Републички јавен обвинител. Значи, во континуитет не само шќто немаме републички јавен обвинител испаѓа дека немаме ни обвинители. Зарем таму тие луѓе не заслужија ниту еден од нив да ја добијат довербат. Јас тоа го кажав, а не да се сомневам во нинвата стручности или во стручноста на предложениот.

Она што најмногу ми дава сомнеж е токму вашата изјава. Па, вие кажавте не кажав јас. Вие кажавте дека токму господинот Прчески е заслужен за ова место, затоа што тој е единствениот кој ги откри валканите игри на ВМРО-ДПМНЕ, на премиерот и тн. А што е тоа ако не е директен сигнал дека токму таа е квалификацијата да го издвои од сите други. Токму тоа ви е целта и понатаму, и во иднина да го прави истото затоа што од овде јавно запретивте дека доколку не

одговара на она што не јавувате, може да биде и разрешен, затоа што го имате мнозинството во секое време.

По однос за Републичкиот судски совет, тоа е факт. Законски пречки нема, видовме од биографијата дека може секој да биде предложен за републички јавен обвинител доколку ги исполнува условите по законите. Неспорно е дека оваа личност ги исполнува, но тоа не значи да не се сомневаме во она што сега го зборувам. Не значи дека некоја личност која исполнува само законски услови да биде јавен обвинител, дека тоа му дава за право дека тој е идеалното решение. Сите други, осум - девет колку беа, сите ги исполнуваат и тоа е факт. Доколку имало негативно мислење за неговата работа од Републичкиот судски совет, тоа сигурно ќе сум ги искористил јас и би ве потсетил господине Кондарко.

Мислењето на Републичкиот судски совет би ми било меродавно доколку господинот Александар Прчевски го гласаме за судија, затоа што во таа ситуација Републичкиот судски совет дава мислење за тоа колку работел, како изработил,. колкав процент на добиени дела и тн. Тоа е постапка која ја врши Републичкиот судски совет при предлагањето на кандидат за судија, но не и кандидат за јавен обвинител. Тоа, дали тој работел успешно како судија или не, не зема за право дека ќе ја обавува успешно функцијата јавен обвинител, затоа што тие две функции по работата се тотално различни. Тоа се две различни институции.

Јас кажав и ќе повторам господинот Прчески во целиот свој работен век најголем стаж има во граѓанските парници. Не реков дека не работел успешно, за тоа не сум ни меродавен, ни компетентен да ценам, но факт е дека најдолго работел во граѓанските парници или граѓански парничар. Една година бил само истражен судија. Од тој аспект гледано поставив прашање за дилема и за дискусија дали може таква личност, со колакво искуство во рамките на кривичного гонење, во рамките на она што е основна задача на Јавното обвинителство, да се снајде во оваа улога која му ја доверувате. И тука имам право да се сомневам токму заради тие биографски податоци. Можеби човекот ќе се снајде, но факт е, зошто нели држи место да каже некој нешто против она што вие го размислувате.

А тоа дали било награда господине Кондарко, очигледно е дека е награда. Вие бевте првиот што се спротивстави, вие бевте тој што ги разоткри игрите, така како што ги крстивте, што е тоа ако не награда. Да издвоите еден кандидат кој има 35 години искуството во Јавното обвинителство, значи станува збор токму за некаква награда.

Тоа е мое мислење господине Кондарко, вие можете да кажувате дека се тоа испревртувања на тези или слично, ниту сум имал намера ниту сега имам намера да извртам тези, едноставно имам право да размислувам спротивно од вас и тоа го правам и овде јавно го кажувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Кондарко бара реплика на господинот Караџоски.

БОРИС КОНДАРКО:

Имам три работи господине Караџоски.

Прво, Републичкиот судски совет не дава мислењ за јавен обвинител. Јас тоа не го кажав, говорев за периодот кога господинот Прчески бил избран за судија на Основниот суд, односно за претседател на Основниот суд. Тогаш Републичкиот судски совет дал позитивно мислење, така што од ваша страна кажаното беше неточно.

Исто така не е точно дека господинот Прчески нема искуство во кривично - правната материја. За ваша информација тој 11 години работел во кривичното одделение. Четири години на извршување на санкции, а само една и пол година на граѓанското одделение, односно во граѓанската постапка.

На крајот и јас господине Караџоски навистина незнасм што сте по професија вие, а да бевте адвокат како што се претставувате и како што велите, сигурно ќе знаете кој во правниот систем е надлежен да определува мерка притвор. Сигурно тоа не е како што вие дискутиравте - јавниот обвинител, туку тоа е истражниот судија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

По однос на овие три забелешки. Јас не зборував кој го избрал за претседател на суд, зборувавте вие. За претседател на суд нормално дека сте го избрале вие тогашното мнозинство на СДСМ, кога го бирал за судија. За тоа воопшто не зборував и не ме интересира кој го избрал и што го избарл. Меѓутоа, ја читам биографијата која ни е поделена. Покрај сите работи што ги гледам во биографијата очигледно е дека господинот има најголемо искуство во рамките на

граѓанскиот оддел. Судечки судија во прв степен во казнен оддел, стои во биографијата, не значи дека бил кривичар, може да сработел на прекршочни работи, што е далеку од кривична материја. Тогаш беа одделите поделени. Според тоа, дали сум јас господине по професија адвокат или не, јас сум моментално пратеник ако не ви е јасно, меѓутоа во смисла на она што го искажавте .......

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Времето ви истече.

Имам впечаток дека Парламентот станува арена на пресметка на два-тројца парламентарци кои имаат по 3-4 дебати по истата точка и едно 20-30 реплики и ќе бидам многу ригорозен.

Господинот Гешоски има право на реплика на господинот Караџоски три минути.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Ја очекував дискусијата на колегата Караџоски, меѓутоа, наместо една имав можност да слушнам две дискусии и познавајќи го како личност, познавајќи ја неговата реторика и неговиот стил на настапи од говорницата рогаш кога има аргументи можам да кажам дека овој пат ме разочара, бидејќи ги немаше аргументите и се обиде многу  паушално да не убеди нас пратениците и претставниците на јавноста во неисправноста на предлогот што го имаме ;пред на за јавен обвинител на Република Македонија.

Имено, колегата Караџоски во недостаток на аргументи многу паушално говореше за игри и ја оспоруваше кандидатурата на господинот Александар Прчоски и со тоа уште еднаш не убеди дека денеска пред нас имаме предлог кој што ги исполнува сите критериуми. Пред нас имам личност која треба дас биде избрана за јавен обвинкител на Република Македонија, на која што личност колегата Караџоски се обиде да му даде многу препораки и многу совети да му подели, кои што совети се надевам дека најдобронамерно ќе ги прифати, бидејќи во досегашната негова активност докажа дека е човек кој што го почитува словото на законот, а не волјата на политичарите, односно власта или премиерот на Република Македонија. Затоа, колега Караџоски, јас би сакал користејќи го жаргонот кој го користевте во вашата прва дискусија да ви дадам еден совет најдобронамерен - немојте да се ставате во

улога на филмски критичар тогаш кога не сте го виделе филмот, бидејќи допрва треба да ја видиме и да ја проценуваме работата што ќе ја има јавниот обвинител.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господинот Трендафилов по втор пат по истата точка.

Веројатно припаѓам на група пратеници кои директно или индиректно искажаа сомнежи околу начинот на избор на Републички јавен обвинител, значи за самиот закон и јас се согласувам со повеќето од нив тие не беа врзани конкретно за пратеничка група, значи имаше и од опозицијата и позицијата кои изразија забелешки во смисла на тоа дека на овој начин се дозволува да се инволвира политиката во степен како тоа одговара на извршната власт што сосема се согласувам со таквите констатации.

Во поглед на точката на дневниот ред избор на Републички јавен обвинител слушнавме забелешки кои укажуваат дека во овој случај самата процедура за избор на новиот државен јавен обвинител не е во најдобар ред како што треба, човекот претпоставувам дека во најнормално општите услови кои се пропишани со закон ги исполнува, но сепак ќе се задржам на една друга димензија која овде беше искажана во голема мера од поранешниот министер за внатрешни работи господинот Бошковски. Сакам да истакнам дека ја немам моќта на г. Спасов априори да ги знам нештата дали се вистинити или не но да претпоставам дека господинот Бошковски беше во право кога го изнесе тврдењето дека сестрата на господинот Прчоски во рамките на аферата ТАТ ги има добиено потполно средствата кои ги вложила во штедилницата. Значи, станува збор за клавична злоупотреба на функцијата и позицијата која г. Прчоски во тој момент ја имал во битолскиот суд и особено е симптоматично тоа што исто така во излагањето од г. Бошкоски слушнавме за причините зошто е изземен битолскиот суд од кривична постапка, а стечајната постапка е оставена во битолскиот суд. Тоа не наведува на една друга претпоставка за која господинот Кондарко милува да ја истакнува цело време а тоа е за една наводна средба помеѓу поранешниот премиер господинот Георгиевски и г. Прчоски каде што незнам како г. Георгиевски се обидел да изврши притисок врз битолскиот суд во рамките на стечајната постапка за разрешување на ситуацијата во ТАТ за стечаен управник да биде назначена г-ѓа Соња Николовска.

Оваа претпоставка од господинот Кондарко на овој начин како што тој кажува во голема мера би ја свеле на просто проширен логичен исказ, но таа има и своја завршница, како претпоставка би можеле да ја продолжиме и понатаму. Што ако се случило дека, како што беше истакнато, ова е класична политичка награда за г. Прчоски, затоа што во таа претпоставена ситуација г. Прчоски користејќи ја позицијата која ја имал во Основниот суд во Битола навистина се спротивставувал на одреден барања на г. Георгиевски со цел да се скријат трагите кои би довеле до откривање на аферата ТАТ. Крајно непристојно од владиното мнозинство овде во Парламентот што за државен јавен обвинител предлага име кое, ако ништо друго, врзано е со една крајна непријатна афера која ја одбележа минатата деценија. Оваа непријатност мислам дека станува дотолку пострашна во поглед на најновите случувања во Република Македонија, а тоа проговори г. Караџоски во смисла на тезата на СДСМ се она што секој носител сега или во минатото или во иднина доаѓа од редовите како предлог на ВМРО-ДПМНЕ е партиски војниик а се она што доаѓа од редовите како предлог од СДСМ е просто кажано експерт. Јас сакам да ве потсетам дека експертите кои беа предложени во времето на СДСМ дозволуваат до ден денес убијци да се бранат од слобода, а луѓе слушнавме на кој начин во овие два дена колку што трае расправата прво со една трофејска традиција се отстрелуваат преку средства за јавно информирање, тие веќе се упатени на издржување на затворски казни без да се запази процедурата или некој да се запраша што се служува во земјава, бидејќи до сега ниту една судска разврска ниту еден од тие луѓе не е осудуван на издржување на било каква затворска казна. Значи во најмала рака ќе повторам тенденциозно и крајно непристојно од страна на на владеачкото мнозинство да се предложи човек со таков морален кредибилитет кој на пошироко ниво земено во Република Македонија е релативно непозната, верувам дека на битолчани е многу добро познат, а токму Парламентот денеска има можност да избере државен јавен обвинител чие име особено во Битола и битолскиот регион се поврзува со една крајно трагична и несреќна афера која сеуште нема разврШница на Република Македонија. Слушнав дека г. Кондарко како најголем квалитет го истакна тоа што тој го замислува како големото “не” на г. Прчоски но можеби навистина доколку таа претпоставена ситуација се случила не наводно г. Прчоскиго кажал се сведува на чисто прагматични и чисто практични причини во смисла да се скријат трагите, а од позиција на судија во Основниот суд во Битола секако дека имал можност тоа да го направи да се скријат трагите кои би довеле до разрешување на

трагичната афера ТАТ која одамна ги надмина финансиските непријатности се случија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Игор Ивановски.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата.

Во интерес на расправата и во интерес на се она што можеби не требаше да се одвива на начин на кој се одвива во изминатиот период ќе бидам сосема краток и слободно ќе можам да констатирам дека Република Македонија во услови кога без разлика дали на крајот на минатата влада или на почетокот на оваа Влада сеуште се брои како земја со највисоки стапки на организиран криминал, корупција, морталитет, кривични дела што токму за избор на јавен обвинител како клучна институција во целиот систем кој треба да се бори против заедничкото општествено македонско, албанско, српско, ромско и било какво по етнички критериум  зло Парламентот да се доведе и да има дискусија која се води на ваков начин.

Не мислев да дискутирам, но мислам дека во интерес на јавноста, во интерес на нашата куќа, во интерес на идниот јавен обвинител за кој е евидентно дека ќе биде избран, тоа воопшто не е спорно, треба да се каже и во интерес на вистината на кој начин треба да проговориме за самиот јавен обвинител.

На изминатата седница жалам што не е тука г. пратеник кој го искажа тоа нашиот јавен обвинител, се мислеше на г. Ставре Џиков, се извинувам што зборувам во негово неприсуство и не мислам воопшто да разговарам за него, воопшто не ми се допаѓа формулацијата наш обвинител. Исто како што воопшто нема да ми се допаѓа формулацијата или атмосферата која некој се обидува да ја наметне сега дека кандидатот за јавен обвинител Александар Прчоски, е на владеачката СДСМ, ЛДП и останатите партии односно на актуелната влада, а душман на сегашната опозиција.

јас не сакам лично да ви кажам да имам кој јавен обвинител. Не затоа што немам проблеми со законот, не затоа што не сум сторил кривично дело, туку затоа што како граѓанин најмалку како пратеник очекувам некој да има ексклузивитет на јавниот обвинител. Тука треба сите да бидеме стриктни. Тоа е недозволено во

една демократска држава, во една модерна држава во која сите прокламираме дека сме за запазување и почитување на законот против организираниот криминал ги делиме обвинителите на јавни и наши, на судиите на ваши и наши, на институциите на ваши и наши.

Денеска по втор пат ја продолжуваме седницата по оваа точка и позицијата и опозицијата имаа шанса да седнеме. Да се надминат сите оние изминати работи кои се случуваа во изминатиот состав на Парламентот, а кои сигурно не беа прифатени во јавноста,сигурно дека нема да бидат прифатени и притоа за да не ни се случува ние мора да се договориме за неколку работи. Не само по оваа точка, господа, ние сме 2003 година. Ако во изминатиот четиригодишен парламент со мандат од 1998 до 2002 година позицијата се однесуваше како да работи за време од 1994 до 1998 година, односно за изминатите четири години, сега ни се случува истото повтѕорно да зборуваме за периодот од 1994 до 1998 година, а позицијата срамежливо се обидува да зборува за периодот 1998-2002 година. Изборите се одржуваат на 4 години, политичката придобивка и награда некои ја добиваат, некои ја плаќаат политичката криза. Тука нема ништо спорно и народот од нас очекува не да зборува за 1994 година, не за ТАТ во тоа време, туку за ТАТ денеска, утре и онака како што треба да има решение, како и за сите останати работи треба да го расчистиме ова исто како што на оваа говорница најмалку има правно еден, втор или трет пратеник да изнесува докази, бидејќи е во Парламент, законодавен дом, не смее Парламентот да биде судница, а судницата да биде парламент. Тогаш јавното обвинителство што треба да биде? Ќе ги ижмешаме институциите, ќе ги девалвираме, ќе ги изместиме нивните надлежности и мислам дека едно треба да биде јасно никој не треба да се плачи од некакви докази, никој не треба да се казнува со некакви докази. Четиригодишниот мандат за изминатиот јавен обвинител и изминатата влада беше доволен период некои процесуирани, како што често се истакнуваше, докази завршат во вид на судска одлука. Зошто, како, заради кои мотиви ни се случи ќе покаже времето. Исто како и идниот јавен обвинител ќе има обврска сите изминати недовршени и сегашни и идни обвинителни акти ги приведе до таму за да доведат до судска одлука.

Најмалку што  се согласувам е во номинирањето а сегашното име на јавниот обвинител кој и како кандидат ја помине законската постапка и е избран како еден од деветте кандидати се поврзува со барање на некакви скриени мотиви. Не се обраќам поединечно туку како порака од пошироката опозиција, не само овие што се

присутни во моментот, најмалку до нив. Во изминатите два месеци откако Владата енергично започна против организираниот криминал и корупција многу пати се сакаше да се стави знак на идентитет дека е таа партиски, политички мотивирана и насочена кон одредени поединци. Немојте да мислите дека ако денеска се гласа против кандидатот на Владата дека од една страна вие ќе бидете априори амнестирани исто како што позицијата не треба да мисли дека ако со изборот на тој кандидат таа ќе биде поштедена во некое идно време. Тоа треба на сите да ни биде на ум, значи нема скриени мотиви и не смее да има. Моделот не е добар, се согласуваме, политички орган, ова е политички орган, бидејќи тука се претставени партиите, кандидатот го избира за јавен обвинител, но ако се вратиме малку наназад предлогот доаѓа од Владата, а Владата е избрана токму од овој Парламент, а Парламентот е добиен со легитимитетот на граѓаните. Тука треба да ја црпиме и моќта и поддршката и конечната одлука за неговото име. Во отсуство на некој посовршен и поефикасен модел не може да ги измешаме и баби и жаби и моделот да не чини и името да не чини и критериумите да не чинат и да предвидуваме што ќе прави тој јавен обвинител, што правел во минатото, а уште помалику што ќе прави во иднина.

Ги повикувам оние кои не се согласија со името да го поддржат јавниот обвинител не заради одлуката на позицијата, да го предложи токму тоа име, туку заради генерално институцијата Парламентот, туку заради одредбата и желбата за започнатата пракса на Владата ако не сакате на Владата на сите релевантни институции за борба против организираниот криминал и корупција.

Ова е судот на јавниот обвинител, на неговата работа, ова е судот на целата таа борба. Ако ние овде се однесуваме политикантски, ситно играме фудбал на мали голчиња за да си докажеме кој дал гол, а кој примил, тогаш ниту тој ќе може до крај доволно да си ја врши работата ниту ние сме постигнале она за што сме ги добиле гласовите, бидејќи извинете, но јас сметам дека и кај пратениците на опозицијата постои решеност да се успее во борбата против организираниот криминал и корупција. Тоа е прокламација, тоа е декларативно ова е практичното, дајте да ја покажеме таа заедничка сила во интерес на сите нас, мислам дека тоа ќе вроди со плод.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Ивановски.

Господине Ивановски, ова не е политички орган, ова е државна институција, уставна институција, законодавен дом и да ги разочарам сите оние кои импровизираат на тема како да го избереме изборот, изборот на јавен обвинител во Собранието на Република Македонија согласно Уставот а не е законска одредба.

Со оглед дека никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за именување на Александар Прчоски за јавен обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Пред да гласаме ги молам пратениците што се по ходниците да влезат во салата.

Кој нема картичка?

На господинот Спасов дајте му картичка.

Ќе ве молам да притиснеме по едно копче за да утврдиме дали имаме 61 пратеник за да можеме да гласаме. Ова е само за утврдување на кворумот.

52 притиснале.

Ги молам службите да ми дадат број на присутни пратеници.

Во салата има 77 пратеници.

Предлогот за именување на Александарт Прчоски за јавен обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници од кои 58 за, 1 воздржан, 14 против.

Констатирам дека Александар Прчоски е именуван за јавен обвинител на Република Македонија.

Минуваме на точка 19 - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово

Предлогот за разртешување Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Нешат Селими од функцијата судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, 67 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека господинот Нешат Селими е разрешен од функцијата судија во Основниот суд во Тетово поради исполнување на услови за старосна пензија.

Во името на сите нас му посакувам пријатни пензионерски денови.

Минуваме на точката 20 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 69 за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје.

Минуваме на точка 21 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови Скопје 1 - Скопје, Скопје 2 - Скопје и Велес.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 66 за, 3 воздрежани, 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Скопје 1 - Скопје, Скопје 2 - Скопје и Велес.

Почитувани пртатеници имаме уште една точка од дневниот ред, Извештај на ревизиите од Државниот завод за ревизија.

Сакате да направиме пауза па да продолжиме или да тераме (некои од пратениците бараат пауза, некои бараат продолжување на седницата).

Ако има поголем број на дискутанти ќе дадеме пауза, ако има мал број двајца-тројца, имаме време да работиме уште половина час до пауза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точка 22 - Годишен извештај за извршената ревизија и за работата на Државниот завод за ревизија за 2001 година.

Годишниот извештај, Извештајот на Комисијата за финансирање и бузет и Мислењето на Владата, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Извештајот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Методија Тошевски државен ревизор.

Претпоставувам ќе имате воведно излагање.

Предлагам прво да го слушнеме воведното излагање па ќе одиме на пауза, а бидејќи има пријавено дискутанти за оваа точка ќе продолжиме после паузата.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата, дами и господа.

Информациите за работата што се содржани во Годишниот извештај за извршените ревизии за работата на Државниот завод за ревизија, за 2001 година се дел од тригодишните активности на Заводот, претставени во тригодишни извештаи доставени до Собранието на Република Македонија, од кои, еве третиот денес е на дневен ред.

Ревизијата на институциите кои се опфатени во овој извештај е работена, по претпоставка, дали се почитувани сметководните принципи политики и стандарди од страна на субјектите кои се предмет на ревизијата при изготвување на финансиските извештаи и изразување на билансните позиции, а колкав е ефектот врз финансискиот резултат заради непочитување на законските прописи при вршењето на финансиските трансакции со одобрените средства од Буџетот на Република Македонија, од другите јавни средства и од прибраните средства во јавните служби и претпријатија и дали се законски и наменски користени средствата согласно со утврдените финансиски планови и одобрените буџети на институциите. Во контекст на овие основни претпоставки вршени се сите ревизии кај субјектите кои ги опфаќа членот 1 од Законот. Ревизијата е вршена во согласност со стандардите на Државната ревизија, на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции кои се пропишани и се применуваат во Република Македонија при вршење на државната ревизија.

Субјектите, предмет на ревизија се определуваат со годишна програма што ја утврдува Главниот државен ревизор, а изборот на субјектите е вршен врз основа на следните критериуми:

- Обврските кои произлегуваат од Законот за државна ревизија односно задолжителноста утврдена со член 6 од Законот. Се додека не се создадат услови за целосен опфат на таа група субјекти со задолжителна годишна ревизија, тие се опфаќаат делумно со избор;

- Степенот на покриеност со ревизии на буџетските расходи по субјекти на разни нивоа, односно застапување на субјектите опфатени во члрн 6 и 7 од Законот, според структурата, заради добивање на структуирана општа слика на примерокот и на наодот;

- Сознанија добиени од средствата за јавно информирање и од писмени и усмени информации односно сознанија од јавните дебати во Парламентот и во собранијата на општините за начинот на употребата на средствата кај одделни корисници, како и информациите што ги извлекуваме од јавно објавените податоци за работата на одредени субјекти кои базираат на официјални финансиски извештаи;

- Програмски ревизии на користењето на странски средства по основ на помош и донации, како и барањата на соодветни органи, институции и слично, во согласност со Законот.

- Повратноста во ревизијата која ја применуваме и како обврска да провериме дали наодите кои се утврдени во претходните ревизии надлежните органи ги имаат санкционирано на задоволителен законски начин и како обврска за опфат на определена група субјекти.

Со овие критериуми се овозможува објективност и праведност во изборот на субјектите предмет на ревизијата, во еден континуиран циклус, неземајќи ги предвид ревизиите што би се изведувале заради вонредни околности потреби и барања. Се разбира, бидејќи програмата ја утврдува овластено лице, главниот државен ревизор, а не колективен орган, евентуалните преговори за субјективност неможат да се исклучат. Но на подолг рок и при полн капацитет на опфат тие ќе бидат беспредметни.

Во досегашната активност Државниот завод за ревизија изврши 37 ревизии во 1999 година, 29 ревизии во 200 година, 87 ревизии во 2001 година и 80 ревизии во 2002 година.

Поднесените 87 ревизии за годината за која се однесува и извештајот опфаќаат: една ревизија на агенција; две ревизии на буџетски корисници; три ревизии на буџетски фондови, 11 ревизии на јавни претпријатија; 18 ревизии на буџети на локалнта самоуправа, 18 ревизии на органи на локалната самоуправа и 34 ревизии на фондовите на локалната самоуправа.

Меѓутоа, со оглед на тоа што капацитетот на Државниот завод за ревизија во овие неколку години многу бавно се пополнува (капацитет мерен преку бројот на вработени ревизори), опфатот на институциите кои подлежат на ревизија е фрелативно мал. Во 1999 година тој изнесува 2,11%; во 2000 година 1,66%; во 2001 година 4,97% и 2002 година 4,57%, од можниот број на институциите. На ова делува и времето потребно за обука на ревизорите. Овие ревизии во основа ги извршува колектив на Државниот завод за ревизија кој во моментот е составен од 46 вработени и кој динамики се развиваше вака:

Државниот завод за ревизија во 1999 година имаше седум ревизори, во 2000 година 12, во 2001 година, за која се однесува Извештајот 16 и 2002 година 39 ревизори, што претставува само околу 1/3 од бројот на потребните ревизори. Државниот завод за ревизија во 1999 година имаше четири повластени државни ревизори, во 2000 пет овластени државни ревизори, во 2001 и 2002 година седум овластени ревизори.

Во ревизиите кои се предмет на извештајот што е на дневен ред денес, од аспект на почитувањето на основните сметководствени принципи и политики, ревизијата ги утврди следните отстапувања во примена на законите, други неправилности и грешки:

Кај 12 субјекти е извршена прераспределба помеѓу други трошковни ставки во корист на ставката Основни плати и наемнини, спротивно на прописите, или користени се или давани позајмици на други и од други, не е извршен попис на побарувањата и обврските, не се евидентирани побарувања за комунален надомест и сл.

Кај четири субјекти дадени се позајмици на други субјекти. Кај осум субјекти не е извршен ребаланс на дополнително добиените средства од Буџетот. Кај осум субјекти не е правилно пресметана ревалоризацијата. Кај 11 субјекти извршена е прераспределба помеѓи трошковни ставки без претходна одлука на надлежен орган. Кај 11 субјекти не е извршен попис на материјалните средства. Кај 13 субјекти не се евидентирани постојните средства во сметководствената евиденција. Кај 14 субјекти се користени заеми од деловни банки и од други субјекти,

иако тоа не е дозволено со закон.Кај 15 субјекти неискористените средства на 31 декември не се пренесени на сметката на Буџетот, како што тоа налага прописот. Кај 18 субјекти има наод дека незаконски се дадени заеми на други. Кај 1 субјект е извршен пренос на обврските во наредните години. Кај 37 субјекти не се води буџетско сметководство, сметководството се води според комбинирани методи, иако законот пропишува тоа да се води според буџетскиот принцип.

Следните наоди се карактеристични за јавните набавки:

Кај пет субјекти извршени се набавки без претходно планирани и обезбедени средства од Буџетот. Кај 35 субјекти не се почитувани постапките за јавни набавки по различен основ.

Материјалните и финансиските биланси, според досегашните наоди на ревизијата се нецелосно и несоодветно евидентирани.

Во анализата на вредностите на материјалните и нематеријалните средства на Република Македонија и капиталот е констатирано дека неможат да се изведат биланси за вкупната вредност на капиталот на ниво на државата, ниту консолидирани биланси на состојбата на буџетските корисници. Ова главно поради непостоењето на основна евиденција за материјалните и нематеријалните средства кај поголем број на субјекти. Посебен проблем претставуваат делбените биланси, при трансформација на локалната самоуправа, на другите форми на територијално разграничување, на јавните установи, реорганизација на државната управа на дејностите и сл. Секаде разграничувањето се врши само како физичко именување на средствата без притоа да се утврди нивната вредносна компонента. Ваква состојба е утврдена кај 18 општини односно кај сите кај кои е вршена ревизија. Од таму постои неодложна потреба Владата да формира проект и да определи надлежна институција која во разумно дефиниран и реален временски рок ќе утврди методологија и ќе обезбеди формирање на почетна состојба на материјалните и финансиските биланси на имотот (капиталот) на државата, како и на јавниот долг кои потоа пермаментно би се следеле и усогласувале и врз основа на кои би се известувало Собранието за промените, зголемувањето или загубите на капиталот и сл.

Најголемиот дел од практичните наоди при ревизијата се интерпретирани во збирниот извештај и детално се соопштени во додатокот на извештајот кај поединечните конкретни извештаи за ревизираните субјекти.

Извлекувањето на било каква збирна оценка на наодот на ревизијата би била необјективна, бидејќи степенот на опфат остварен досега е низок. Меѓутоа

заради ориентација и сознанија каде се движат состојбите во примената на прописите кај ревизираните институции, направен е еден преглед на елементи кои би можеле да послужат за формирање на глобална оценка на наодот на ревизијата за 2001 година, која ја дава следната слика:

Кај пет субјекти или 5,8% ревизијата се воздржува од давање на ревизофрско мислење за финансиските извештаи. Кај шест субјекти или 6,9% од вкупниот број на субјекти е утврдено ревизорско мислење за реално и објективно искажани финансиски извештаи. Кај 26 субјекти или 29,9% ревизијата изразува резерва кон реалноста и објективноста на финансиските извештаи. Кај 50 субјекти или 57,5% ревизијата изразува ревизорско мислење за нереално и необјективно искажани финансиски извештаи.

Незаконско и ненаменско користење на средства е констатирано кај 64 субјекти, или кај 73,5% од ревизираните субјекти.

Ваквата слика упатува на сознание дека потребата од државна ревизија е очигледна. Нејзиниот интензитет треба да се зголемува за да може, таму каде што се констатирани отстапувања, непримена на законите, грешки и слично, да се отстрануваат. Доказ за тоа е и фактот што кај субјектите кај кои е вршена повратна ревизија, констатираме дека претходбно утврдените неправилности или отстапувања во примена на законите, во добар дел се отстранети. Во другиот дел од субјектите наодите се повторуваат од причини кои тешко може да се објаснат бидејќи и прописот е јасен а и препораките на ревизијата се децидни. Но оспособеноста на кадрите кои ја извршуваат таа специфична работа која сепак бара и специфична стручна подготовка, условува во некои од институциите да се повторуваат грешки или да се јавуваат нови во однос на утврдените од претходните ревизии.

Во вториот дел на Извештајот направени се неколку опсервации за останатите прашања што се битни за работата на Државниот завод за ревизија. Тие ги покреваат прашањата на кадарот, а средствата и опремата, односно потребите за докомплетирање на Државниот завод за ревизија за да може квалитетно и во задоволителен опфат да ја извршува функцијата утврдена со законот.

За успешно спроведување на Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија изготви план за операционализација на Законот. Со него беше предвидено да се реализија опфат на субјекти од 80 до 90% во првите три години од основањето на Државниот завод. Меѓутоа околностите во кои се одвиваат активностите во државата, следствено и во Државниот завод за ревизија, со низа

ограничувата на материјалните можности за вработување, ограничување на обемот на Буџетот, обемот на инвестициите и сл., за реализација на Планот за операционализација на Законот за државна ревизија, за жал не се создадоа поволни услови. Ффржавниот завод за ревизија немаше можност да обезбеди потребен број на ревизори за да може опфатот на субјекти со ревизија да биде остваруван според динамиката утврдена со Планот за операционализација. Нешто поголем продор е направен минатата 2002 година, како што произлегува и од податоците за бројот на извршителите и бројот на ревизираните институции, презентирани во извештајот. Но тоа сеуште е далеку од бројот што треба да биде опфатен со ревизија за да може да се оствари задачата од Планот за операционализација според кој опфатот на 230 субјекти утврдени со Законот за државна ревизија, како задолжително, да се врши задолжителна ревизија секоја година, а од 1540 субјекти од вкупно 1752 на сите нивоа да се врши опфат на1/3 од бројот на субјектите, годишно, според списокот што е утврден и кој е променлив.

Почитувани пратеници, акцентирам некои од прашањата што во активноста на Дрчавниот завод за ревизија се битни од аспект на извршување на функцијата.

Прво, едукацијата на кадарот и едукацијата на корисниците на ревизијата, извршителите кај субјектите кај кои се врши ревизијата од аспект на прописите и од аспект на методологијата за сметководствената финансиската и ревизорската постапка.

Второ, прашањето на комуникација со јавноста. Според Законот ревизијата само ги констатира наодите и состојбите и за тоа го информира Собранието на РМ со Годишен извештај.

Ревизорските извештаи ги доставува до субјектите кај кои е вршена ревизија и до нивните надлежни ресорни министерства, а по оценка на главниот државен ревизор и до Јавното обвинителство.

Државниот завод за ревизија дава јавни информации за својата работа само преку Годишниот извештај. Поради ова јавноста останува неинформирана за постигањата во врска со целите на закнот, утврдување на степенот на законитоста и корисноста во употребата на средствата, степенот на наменската употреба на средствата, постигање на целите на проектите кои се финансираат од јавно прибраните средства. Тоа од аспект на Законот за државна ревизија е и предмет на очекување на јавноста, покрај на Парламентот и Владата, кои пред таа јавност

одговараат за својата озиција од аспект на коректната законска наменска и ефикасна употреба на јавните средства.

Трето, прашањето на обврските на субјектите кон наодите на ревизијата и особено на обврските на одговорните лица на субјектите. Тие според законот се должни веднаш да преземат мерки за отстранување на констатираните незаконитости, недоследности, отстапувања и грешки и за тие мерки во рок од 90 дена да ја известат Државната ревизија. Од друга страна по основ на системските закони за одделните дејности тие се должни да го следат извршувањето на програмите на дејностите за кои се надлежни и да преземаат мерки во случај на девијации. Се мисли на финансиски девијации.

Во Извештајот истакнуваме дека на тој план во повеќе ситуации има отстапувања. Во практичната ревизија дојдовме до сознанија дека еден дел од раководните лица не се во тек со законската регулатива на дејноста која ја координираат, што не зборува многу добро за степенот на одговорноста кон вршењето на јавните функции што се финансираат од средствата на даночните обврзници.

Во ревизорските извештаи, таму каде што ни дозволува компетентноста за односните дејности, сугерираме прашања кои треба да бидат доусогласени со прописите, за да може финансирањето на дејноста да биде во согласност со општите прописи за сметководно-финансиската постапка.

Го акцентирам и прашањето за обезбедување на самостоен Буџет на Државниот завод за ревизија. Тој треба да биде димензиониран и утврден на основи, параметри и тарифа што ги донесува Собранието на предлог на Комисијата за финансирање и буџет. На таа основа Заводот ќе може својата активност да ја програмира и извршува така што да одговори на задачите кои произлегуваат од Законот и барањата на Парламентот. Во тој контекст е потребно да се создаде и соодветна законска основа, која ќе овозможи утврдување на ваков самостоен Буџет, кој што исто така ќе биде утврден и инкорпориран во Буџетот на државата.

Обраќањето го завршувам со неколку прашања кои ги озаглавивме со едно име- што очекуваме од оваа расправа?

Прво, сакаме да знаеме дали ги исполнивме очекувањата на Парламентот, дали направивме тоа што беше дефинирано со Законот за државна ревизија и на квалитетен и на професионален начин. Се разбира, ова затоа за да можеме тоа сознание како насока да го вградиме во натамошната наша активност , да го

вклучиме во нашата редовна пракса и примена на прописите , да се доближиме до очекувањата на Парламентот под чија прерогатива Државниот завод за ревизија работи како институција.

Второ, дали успеавме на јавноста да и дадеме елементи за оценка на работењето на Владата, која е одговорна пред јавноста за употребата на јавните средства. Оттука, очекуваме оценка за степенот и квалитетот на извршените задачи при овој капацитет и оспособеност на Државниот завод за ревизија.

Трето, очекуваме оценка за остварување на целите на Законот, за тоа дека учесниците во обезбедувањето на јавните средства употребени во јавната потрошувачка, значи даночните обврзници се информирани за начинот, квалитетот и ефектите од употребата на јавните средства, и особено за одговорноста на надлежните во контролата на таа употреба и особено како тие сознанија на даночните обврзници ќе се одразат врз нивната подрќка на идните владини проекти во јавната потрошувачка.

Четврто, очекуваме утврдување на соодветни насоки за работа на Државната ревизија, респективно на Државниот завод за ревизија од аспект на проширување на елементите потребни за оценка на наменското и програмското користење на јавно прибраните средства, утврдување на насоки за надлежните органи и одговорни лица кај субјектите за применување на законските прописи и постапување по наодите на ревизијата, за остварување на јавност во работата на државната ревизија преку информирање за расправата од собраниските тела за содржината и наодите во ревизорските извештаи на државната ревизија.

Петто, очекуваме донесување на заклучоци што ќе бидат во функција на создавање услови за заокружување и унапредување на функцијата на Државниот завод за ревизија, утврдување на програмата на собраниските тела за следење на активноста на Државниот завод за ревизија и преземање на мерки за негово функционирање во согласност со декалрациите кои ја покриваат работата на врховните ревизорски институции на земјите здружени во меѓународните асоцијации.

На крајот, очекуваме насоки околу содржината на идните извештаи, доколку содржината на Извештајот што го поднесуваме денеска се цени дека има потреба да се дополни со додатни информации.

На крајот, сакам да изразам благодарност на моите соработници за пионерската работа и професионалното однесвување во реализација на задачите од

Државниот завод за ревизија и Програмата за работа на Државниот завод за ревизија.

Ви благодарам на вниманието.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Му благодариме на господинот Тошевски.

А сега, со оглед на тоа дека е 13,56 часот и најавивме пауза, има двајца пријавени дискутанти, меѓутоа, со оглед на тоа дека претседателот најави пауза, можно е некои од пратениците да сакаат да дискутираат по паузата. Да не им го ускратиме тоа право, мислам дека не би било коректно.

Пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,56 до 15,15 часот)

(По паузата со седницата продолжи да работи претседателот на Собранието Никола Поповски).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам да продолжиме со работа.

Го слушнавме воведното излагање на господинот Тошевски, главен државен ревизор.

Продолжуваме со претрес по Извештаот.

Има збор господинот Ангел Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, претставници на Влада и претставници на Државниот завод за ревизија,

Пред да ја започнам мојата дискусија вов рска со Извештајот на Државниот завод за ревизија, дозволете ми да го искажам моето длабоко разочарување од текот на седницата од 24 јануари о.г., па и денес. И овој пат, како многупати досега, кога се работи за настани и личности од историјата или кога треба меѓусебно да се обвинуваме, не ги штедиме ниту нашите емоции, ниту нашето време.

Почитувани пратеници, нашите национални, државни цели треба да ги утврдиме врз реална основа, а таа не лежи во историјата, туку врз конкретната денешна ситуација, врз денешните политички, економски и други ресурси со кои располагаме. Затоа, ќе бидам многу среќен кога во иднина многу повеќе енергија ќе

трошиме за решавањето на нашите конкретни проблеми, а не за политички препукувања и копање по историјата.

Што се однесува до Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2001 година, мојата цел не е ниту да го критикувам, ниту да го фалам или како што некои мои колеги милуваат да кажат, да го поздравам. Целта на мојата дискусија ќе биде да се обидам да дадам свое мислење околу ефектите од ваквиот извештај и да предложам одредени дополнувања на заклучоците, кои самиот Завод за ревизија ги има предложено, а со исклучок на заклучокот под реден број 5, за сите други позитивно се изрази Владата на Република Македонија.

Државниот завод за ревизија, на страница 45 од Извештајот нема храброст да извлече глобална оценка за објективноста и вистинитоста на финансиските искази во државниот и јавниот сектор, од причина што обемот и структурата на Државната ревизија тоа објективно не може да го обезбеди при опфат од само 5% или помалку од тоа, 4,97% од вкупниот број на субјекти чии извештаи подлежат на ревизија.

Моето мислење е, дека и покрај тоа што опфатот е многу мал, сепак може да се констатира дека во Македонија сеуште не постои одговорност на раководството на субјектите за располагање со јавните средства, односно со средствата кои се прибрани по пат на јавни давачки на граѓаните. Моето мислење ќе го потврдам само со неколку примери.

Прво, кај 57,47% од реализираните ревизии е искажано негативно мислење во однос на објективноста и реалноста на презентираните финансиски извештаи.

Второ, кај 35,64% од реализираните ревизии е изразено воздржано мислење или е искажана резерва во поглед на реалност аи објективноста на финансиските извештаи.

Трето, кај повеќе од 73% од субјектите кај кои е извршена ревизија е утврдено ненаменско и незаконско користење на средствата во вкупен износ од повеќе од 768 милиони денари. Замислете си колкав ќе беше овој износ, ако опфатот на субјектите изнесуваше 50%, како што беше планирано со Програмата на Државниот завод за ревизија за 2001 година, над 7 милијарди денари.

Четврто, кај 8 јавни претпријатија од вкупно 11 колку што биле предмет на ревизијата не е почитувана постапката за јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.

И петто, кај 18 буџетски корисници и фондови е утврдено давање на заеми на други субјекти и тоа без претходно да се донесе одлука на надлежен орган.

Некои мои колеги, на седницата на Комисијата за финансирање и буџет, се обидоа ваквите недостатоци да ги оправдаат со недоволната едукација на одговорните лица кај субјектите чии финансиски извештаи се предмет на ревизија. Кога се работи за недостатоци од типот прераспределба на средствата меѓу трошковните ставки, без одлука на надлежен орган, како на пример наместо за огрев и осветлување, средствата се потрошени за стручна литература или пак за службени патувања, јас би можел да им прогледам низ прсти. Но ког анекој градоначалник или директор на фонд за локални патишта дал заем, и тоа по случајност токму на неговата партија на која припаѓа, никој не може да ме убеди дека тоа е резултат на неедукација.

На седницата на Собранието, на 29.08.2001 година, се донесени неколку измени и дополнувања на Законот за државна ревизија, со цел да се усогласат некои непотполности и да се стимулираат некои решенија за неопфатените прашања или аспекти на државната ревизија. Така на пример, се додаде нов член 7-а, во кој се налага на надлежните органи да ги разгледуваат и усвојуваат годишните финансиски извештаи на субјектите, кај кои е предвидена задолжителна ревизија, само со ревизорски извештај на Државниот завод за ревизија, изготвен за нив. Оваа измена не може да влијае на зголемувањето на санкционирањето на носителите на неправилностите поради две причини.

Прво, Државниот завод за ревизија, согласно своите материјални, кадровски и технички средства со кои располага, сеуште не е во состојба да ги покрие сите 239 субјекти кои подлежат на задолжителна ревизија, согласно членот 6 од Законот за државна ревизија.

И второ, кога би бил во можност тоа да го стори тоа сигурно нема да биде сторено во рокот во кој овие надлежни органи се должни да ги разгледаат и усвојат годишните финансиски извештаи на овие институции.

Затоа, Министерството за финансии ќе биде потребно да предложи нови измени и дополнувања на Законот, како на пример, ревизорските извештаи задолжително да се доставуваат и до основачите на субјектите кои подлежат на ревизија. На овој начин би се избегнала сегашната состојба, оние кои се најодговорни за сторените неправилности сами да одлучуваат дали ќе преземат мерки за отстранување на направените неправилности и дали ќе го известат Државниот завод за ревизија за преземените мерки. Како резултат на оваа неусогласеност се резултатите изнесени на страна 43 од Извештајот, во кој се констатира дека ниту еден надлежен орган го нема известено Државниот завод за

ревизија за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи, а претставуваат сторен прекрок или кривично дело, иако во 47 случаи рокот за поднесување на ваквиот извештај од 90 дена веќе одамна е истечен. Ова значи дека кај 54% од субјектите, кои биле должни да преземат мерки по некој од основите во наодите, нема повратни информации што е преземено. Истовремено, Јавниот обвинител на Република Македонија е должен да поведе соодветна постапка по известувањето од Државниот завод за ревизија, согласно член 24 од Законот. За ова се согласивме сите кои бевме присутни на седницата на Комисиајта за финансирање и буџет и ппретседавачот Никола Груевски.

Се надевам дека покрај мојот предлог ќе слушнам и други предлози, со кои ќе се зголемат ефектите од работењето на Државниот завод за ревизија, за да се оствари крајната цел-поголема одговорност во трошењето на средствата кои се собираат од нашите сиромашни граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Димитров.

Збор има господинот Адеми Абдилаќим.

АДЕМИ АБДИЛАЌИМ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Во врска со оваа точка од дневниот ред би сакал да дадам моја оценка и мое мислење. Сигурно дека целта на ревизијата е преку контролата на документацијата, финансиските извештаи и другите податоци да се констатира финансиската ситуација и начинот на трошењето на средствата од Државниот завод за ревизија. Од овој Извештај може да се констатира дека од 37 субјекти кои се опфатени со ревизијата од страна на Државниот завод за ревизија, само 6 од нив имаат соодветна документација, односно констатирана е регуларна ситуација, а кај сите други има нерегуларности. Иако според Законот се даваат 90 дена, субјектите кај кои се констатирани неправилности нив да ги отстранат и за тоа да го информираат Заводот за ревизија, само еден мал број го направиле тоа. Врз основа на Законот за ревизија, Заводот е задолжен со резултатите од Извештајот да го информира субкјектот кој е ревизиран, како и матичното Министерство на кој му припаѓа субјектот врз кој е извршена ревизијата.

Врз основа на Извештајот кој денес го разгледуваме може да се констатира дкеа , за жал, и откако се констатирале неправилностите и злоупотребите, не се реагирало и после предвидениот рок со закон. За жал, Државниот завод за ревизија надлежен е само да ја констатира состојбата и да ги запознае соодветните органи и нема право да предложи или да преземе соодветни мерки против тие субјекти кај кои се констатирани нерегуларности. Не е доволно само да се констатира нерегуларната финансиска состојба, туку треба да се преземат и мерки со цел тие да се отстранат.

Тоа што паѓа во очие е и тоа кои субјекти се опфатени со ревизијата. Пред се, тоа се органите од локалната самоуправа, потоа разни локални фондови и јавни претпријатија. Се поставува прашањето зошто со оваа ревизија не се опфатени претприајтија и фондови за кои сме информирани од медиумите дека има злоупотреба на буџетските средства.

Другото прашање кое се поставува е: Кој беше критериумот при изборот на субјектите опфатени со ревизијата. Од тоа што се гледа во овој Извештај, може да се констатира дека има злоупотреба, би рекла масовна злоупотреба на буџетските средства и тоа свесно и од сомнителни причини.

Затоа, потребно е да се измени Законот за државна ревизија, а Државниот завод за ревизија да има поголеми надлежности, со цел освен констатациите, тој да може да преземе и мерки против било каква констатирана злоупотреба. Освен тоа, мислам дека треба да се зголеми и свеста и да се измени менталитетот кај оние кои се на разни позиции и ги користат овие буџетски средства. Тие треба да го имаат предвид фактот дека се работи за средства на граѓаните и дека треба да се користат според правила предвидени со закон.

Ова сигурно ќе има влијание врз граѓаните, тоа сугурно ќе ги поттикне граѓаните да ги исполнат обврските кои ги имаат спрема јавите претпријатија.
Да се надеваме дека оваа свест ќе превладее во иднината.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Костадинова Емилија

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата и колеги пратеници,

Јас ќе бидам сосема кратка. Со голем интерес го разгледав Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2001 година, а исто и воведното излагање на главниот државен ревизор кој што ни даде сублимиран приказ. Истиот е квалитетен, сеопфатен и ни дава целосен увид во работењето и проблематиката што е во ингеренции на оваа државна институција. Се разбира со сите почетни проблеми со оглед на временскиот период од само три години од неговото формирање. И во заклучоците презентирани од самиот изготвувач на страна 65 и 66 и од заклучоците од Комисијата за финансирање и буџет, а и од доставеното мислење од Владата на Република Македонија непобитен е фактот дека опфатот на субјектите кои подлежат на ревизија е многу мал. Односно 1752 субјекта кои подлежат на ревизија, конечна ревизија во 2001 година е извршена само кај 87 субјекта или кај 4,97% од примерокот што е навистина многу мал репрезентативен опфат за целосно согледување на состојбите кај корисниците кај буџетските средства и кај јавните предпријатија.

Но и покрај малиот опфат констатирани се неправилности кај субјектите се големи. Така да повеќе од половината од субјектите каде што е извршена ревизија констатирани се нереално и необјективноо искажани финансиски извештаи. Од 87 субјекта такви неправилности се констатирани кај 50 субјекти, што претставува 57% од примерокот, или пак незаконско и ненаменско користење на средствата е констатирано кај 64 субјекта или 73,5% од примерокот.

Сметам дека ова е доволно алармантен  податок што укажува на тоа дека корисниците на буџетските средства доста комотно и неодговоро се однесувале во нивното ненаменско трошење. Посебно е карактеристичен случајот на давање спонзорство позајмици и слично без одлука на управен одбор или друг овластен орган. Кога се знае дека тие средства пред се мислам на позајмиците тешко се враќаат, а и буџетските корисници не се финансиски институции чија дејност се банкарски трансаскции.

Можеби толку малиот опфат на извршени ревизии иако од објективни причини, поради нецелосна екипираност на Државниот завод за ревизија со потребниот стручен кадар, ги охрабрува корисниците на буџетските средства на комотно однесување, па затоа и ми се јавија такви афери со финансиски малверзации, дубиози и буџетска недисциплина од невидени размери, токму кај оние буџетски корисници кај кој не е вршена ревизија.

Сметам дека превентивната улога на државниот завод за ревизија со поголем и почест опфат на буџетските корисници е незаменлива и неопходна иако

Државниот завод за ревизија нема санкционирачки механизам према констатираните неправилности кај контролираните субјекти не треба да застои Министерството за финансии кај кого се доставуваат извештаите од извршените ревизии со констатираните неправилности во истите и преземање на соодветни мерки што се во негова надлежност. А исто и другите надлежни органи бидејќи извештајот на државниот завод за ревизија е јавен документ достапен на целокупната јавност.

Би заклучила со тоа дека го прифаќам во целост извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2001 година со предложените мерки и заклужоци со исклучок на заклучокот под реден број 5 кој Владата се изјасни дека не го прифаќа со образложението дадено во мислењето, а посебно акцент би ставила на целосната екипираност на Заводот за државна ревизија со неопходниот стручен кадар се со цел да може да одговори на поставени задачи. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам ,а госпоѓата Костадинова,

листата на дискутанти е исцрпена.

Пред да ја затворам расправата г-динот Тошевски вие ако сакате на некои од поставените прашања или дилеми можете по ваш избор да дадете одговор, или да се јавите или не, тоа вие како ќе си оцените.

Повелете.

МЕТПОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ви благодарам на можноста да се изјаснам по овие коментари што беа направени. меѓутоа мислам дека дискусиите се во право време и на право место опфатени и не би сакал да ги коментирам. Единствено, прашањето за храброста да се извлече глобална оценка, само да потсетам ние таа храброст ја имавме и е извлечена глобалната оценка и е дадена и во извештајот и во моето обраќање. Единствено што таа глобална оценка не сакаме без потврда да ја пренесеме на целата буџетска потрошувачка, бидејќи како што сите, нели, се осведочивме опфатот е многу мал и не знаеме што ќе најдеме кај другите.

Веројатно и самиот извор на субјектите има некои претходни претпоставки, каде и што може повеќе да штрчи од нормалното за да тоа се упати кон нормала,

ние се надеваме во следниот извештај веќе ќе имаме повеќе аргументи да направиме, можеби сеуште не дефинитивна глобална оценка, но да се доближиме до неа.

Ви благодарам за сугестиите што ги дадовте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам

Расправата ја затворивме г-дине Стаменков.

Повелете.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

На кратко само да кажам дека Пратеничката група на ВРМО=ДПМНЕ и од Либералната партија позитивно го оцени овој Годишен извештај за ревизија и дека ќе гласа за усвојување. Фактички, она што беше усвоено на Комисијата за финансирање и буџет, стоиме зад тоа и ќе го поддржиме во целост.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи, никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлоготна заклучоците содржани во Извештајот на комисијата за финансирање и буџет, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 пратеници гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирма дека Собранието ги усвои предложените заклучоци од Комисијата за финансирање и буџет.

Со оглед дека дневниот ред е исцрпен, ја залучувам седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Почитувани пратеници, сакам да Ве известам дека седницата за во четврток знаете дека е веќе закажана. Таа седница ќе биде прва седница на која ќе работиме со новите деловнички одредби, само би ве замолил да ги проучите тие неколку деловнички одредби за пратеничките прашања, како не би се довеле во ситуација да губиме непотребно време пред да започнеме со работа.

Од Владата сум известен дека со исклучок на еден или двајца министри, кои се на службен пат во тој момент, ќе присуствуваат нивните заменици, целокупната Влада на чело со премиерот ќе биде присутна. На таа седница претпоставувам дека

нема да имаме потреба од утврдување на кворуми, затоа што секој ќе може во рамките на Деловникот да си утврдува прашања кои ги има поставено и ќе можеме по утврдениот редослед од 11 до 14 часот, со пауза и од 15 до 17 часот да работиме на таа седница. Таа седница, без разлика колку ќе има пријавено дискутанти, утре дента нема да може да се продолжи. Мораме и тоа да го имаме предвид. Значи, таа седница завршува само во четвртокот.

Затоа, Ве молам, сите што ќе подготвувате пратенички прашања, да ги подготвите кратко и ефикасно, за да можеме што поголем број пратеници на таа седница да дојдат на ред да постават прашање.

Исто така, би ве замолил сите да размислиме, а за во четвртокот, претпоставувам со координаторите конкретено ќе се договориме, во Деловникот има една одредба која упатува дека еден пратеник може да постави три прашања во траење од 10 минути. Во деловникот не е прецизно дефинирано и може да се случи да се толкува дека еден може да постави три прашања секое поединечно по 10 минути, со право да бара појаснување  и да постави дополнителен одговор. Тоа значи ако го применуваме така,може да се случи за четири или пет часа да поминат само 4 или 5 пратеници на ред за пратенички прашања.

Ќе ве замолам да го толкуваме Деловникот дека може да постави секој три прашања во должина вкупна од 10 минути, а да може дополнително прашање согласно Деловникот. Така, да не се случи еден говорник да поставува 30 минути прашање, што мислам дека сосема ќе ја измести целата логика на пратенички прашања.

Уште еднаш ќе ги замолам координаторите за ваквото толкување на Деловникот до четврток да ме известат дали се согласуваат, за да можеме да работиме поефикасно.

Благодарам.

Седницата заврши во 15,40 часот.